# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 153 Год. LXV Среда, 23 декември 2009 Цена на овој број е 220 денари

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk


## СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3229. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за платите на судиите........ | 3 |
| 3230. | **Закон** за платите на јавните обвинители...................................................... | 4 |
| 3231. | **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за доделување на плакети, значки, награди и пофалници на воени и цивилни лица на служба во Армијата на Република Македонија............................................ | 8 |
| 3232. | **Одлука** за изменување на Одлуката за започнување постапка за доделување концесија за вршење на работите на изградба, реконструкција, одржување, наплата на патарина и користење на дел од државните патишта во Република Македонија (Пакет 1).... | 9 |
| 3233. | **Одлука** за изменување на Одлуката за започнување постапка за доделување концесија за вршење на работите на изградба, реконструкција, одржување, наплата на патарина и користење на дел од државните патишта во Република Македонија (Пакет 2)......... | 9 |
| 3234. | **Правилник** за образецот на лозовите и томболските картички....................... | 9 |
| 3235. | **Правилник** за изменување на Правилникот за техничките, технолошките и просторните услови за приредување на игри на среќа и забавни игри и стручната оспособеност на лицата ангажирани во изведувањето на игри на среќа................................................. | 16 |
| 3236. | **Правилник** за формата и содржината на барањето за паушално оданочување на остварени приходи од земјоделска дејност............................................ | 16 |
| 3237. | **Правилник** за дополнување на Правилникот за класификација на расходите...................................................... | 20 |
| 3238. | **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за класификација на приходите............................. | 20 |
| 3239. | **Упатство** за изменување и дополнување на Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи......................... | 21 |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3240. | **Правилник** за формата и содржината на барањето за добивање на одобрение и формата и содржината на образецот на одобрението за градење... | **21** |
| 3241. | **Правилник** за формата и содржината на одобрението за употреба................. | **31** |
| 3242. | **Правилник** за формата и содржината на барањето за измени во текот на изградбата и образецот на Решението за одобрување на измените..................... | **34** |
| 3243. | **Правилник** за постапката за нострификација, содржината на писмениот извештај, согласноста за нострификација и начинот на заверување на проектите од страна на комисија.............. | **38** |
| 3244. | **Правилник** за содржината и обемот на вршењето на ревизија на проектот и начинот на заверката на ревидираниот проект од страна на ревидентот.. | **40** |
| 3245. | **Правилник** за начинот на издавање и одземање на лиценцата за управител за вршење на дејностите на управување со станбена зграда, како и формата и содржината на образецот на лиценцата................................................ | **41** |
| 3246. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност................................................ | **43** |
| 3247. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност................................................ | **43** |
| 3248. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност................................................ | **43** |
| 3249. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност................................................ | **43** |
| 3250. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност................................................ | **44** |
| 3251. | **Решение** за давање одобрение за продажба на сопствени акции по пат на јавна понуда.......................................... | **44** |
| 3252. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност................................................ | **45** |
| 3253. | **Правилник** за формата, содржината, начинот на водење на Регистарот на удели во отворениот инвестициски фонд и објавување на податоците од регистарот на удели............................. | **45** |
| 3254. | **Правилник** за формата и содржината на барањето за добивање на одобрение за избор на Депозитарна банка..... | **46** |
| 3255. | **Правилник** за дозволени вложувања, ограничувања на вложувањата и пречекорување на ограничувањата за вложување на имотот на отворен фонд...... | **50** |
| 3256. | **Правилник** за потребна документација која се приложува како доказ за исполнување на условите за именување на членови на Управниот одбор односно извршни членови на Одборот на директори на Друштво за управување со инвестициски фондови.......... | **51** |
| 3257. | **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за вршење контрола на овластените учесници на пазарот на хартии од вредност („Службен весник на РМ“ бр. 6/2007)................................ | **53** |
| 3258. | **Решение** за стапување во примена на востановен катастар на недвижности.. | **53** |
| 3259. | **Решение** за стапување во примена на востановен катастар на недвижности.. | **54** |
| 3260. | **Решение** за стапување во примена на востановен катастар на недвижности.. | **54** |
| 3261. | **Решение** за стапување во примена на востановен катастар на недвижности.. | **54** |
| 3262. | **Решение** за конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности.................................... | **54** |
| 3263. | **Решение** за стапување во примена на востановен катастар на недвижности.. | **54** |
| 3264. | **Решение** за стапување во примена на востановен катастар на недвижности.. | **55** |
| 3265. | **Тарифник** за висината на надоместокот за запишување во катастарот на недвижностите..................................... | **55** |
| 3266. | **Тарифник** за висината на надоместокот за користење и увид во податоците од геодетско - катастарскиот информационен систем............................ | **56** |
| 3267. | **Тарифник** за висината на надоместокот за заверка на геодетски елаборати за извршени геодетски работи за посебни намени и за заверка на копии од катастарски план.............................. | **58** |
| 3268. | **Одлука** за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија..................... | **59** |
| 3269. | **Одлука** за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност транзит на електрична енергија........................ | **60** |
| 3270. | **Одлука** за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност транзит на електрична енергија........................ | **63** |
| | **Огласен дел**......................................... | **1-48** |

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**3229.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА СУДИИТЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за платите на судиите,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 16 декември 2009 година.

Бр. 07-5267/1
16 декември 2009 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА СУДИИТЕ

Член 1

Во Законот за платите на судиите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 110/2007, 103/2008 и 161/2008), во членот 2 ставот (3) се менува и гласи:

"Платата на судијата може да се намали само при утврдена дисциплинска одговорност согласно со закон."

Член 2

Во членот 3 став (2) бројот "10" се заменува со бројот "15".

Член 3

Во членот 5 став (2) зборот "нето" се брише.

Член 4

Во членот 6 став (2) алинеја 3 по зборовите: “апелационите судови“ се додаваат зборовите: “и судиите во специјализираното судско одделение во Основниот суд Скопје 1 Скопје надлежно за судење на дела од областа на организираниот криминал и корупција за целата територија на Република Македонија“.

Член 5

Членот 8 се брише.

Член 6

Членот 9 се брише.

Член 7

По членот 11 се додава нов член 11-а, кој гласи:

„Член 11-а

Судија кој по потреба на службата времено е упатен да ја врши судиската функција во друг суд, има право на плата во висина на платата на судијата во тој суд, доколку таа е поповолна за него.“

Член 8

Во членот 12 став (1) алинејата 3 се менува и гласи:

„- надоместок на трошоци за одвоен живот од семејството во висина регулирана согласно со Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија, како и надоместок за превоз за четири повратни патувања од местото каде што ја врши функцијата до местото каде што живее, во висина на автобуска карта, доколку не користи надоместок за одвоен живот,“.

Алинеите 6, 7 и 8 се менуваат и гласат:

„- во случај на смрт на судија на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ регулиран согласно со Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија,

- во случај на смрт на член на потесно семејство на судија (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и деца земени на издржување) на судијата, ако живеел во заедница, му припаѓа парична помош во висина регулирана согласно со Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија и

- во случај на боледување подолго од шест месеца и во случај на потешки последици од елементарни непогоди, во смисла на Законот за заштита и спасување, на судијата му се исплатува помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата во судот каде што е вработен.“

Член 9

Во членот 13 став (1) точката а) се менува и гласи:

„а) надоместок за дневница за службено патување во земјата без трошоци за ноќевање во износ утврден согласно со Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија и“.

Во ставот (2) точка б) точката и запирката се заменуваат со сврзникот “и“.

Во точката в) зборовите: “во хотелите со категорија до пет ѕвездички“ се заменуваат со зборовите: “за хотелско сместување“.

Точката г) се брише.

Член 10

Членот 14 се брише.

Член 11

Членот 16 се брише.

Член 12

Во членот 19 годината “2009“ се заменува со годината “2008“.

По ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:

„(2) Работодавачот утврденото право на плата во 2010 година може да го зголеми за 10% започнувајќи со исплатата за септември 2010 година.“

Член 13

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2010 година, освен членовите 5, 6, 7, 8, 9, 10 и 11 од овој закон кои ќе се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон.

## L I G J
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR RROGAT E GJYKATËSVE

Neni 1

Në Ligjin për rrogat e gjykatësve ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 110/2007, 103/2008 dhe 161/2008), në nenin 2 paragrafi (3) ndryshohet si vijon:

"Rroga e gjykatësit mund të zvogëlohet, vetëm gjatë përgjegjësisë së përcaktuar disiplinore në pajtim me ligjin."

Neni 2

Në nenin 3 në paragrafin (2) numri "10" zëvendësohet me numrin "15".

Neni 3

Në nenin 5 paragrafi (2) fjala "neto" shlyhet.

Neni 4

Në nenin 6 paragrafi (2) alineja 3, pas fjalëve: "gjykatave të apelit" shtohen fjalët: "dhe gjykatësit në seksionin e specializuar në Gjykatën Themelore Shkupi 1 Shkup, kompetente për gjykimin e veprave nga sfera e krimit të organizuar dhe korrupsionit, për tërë territorin e Republikës së Maqedonisë".

Neni 5

Në nenin 8 shlyhet.

Neni 6

Neni 9 shlyhet.

Neni 7

Pas nenit 11 shtohet nen i ri 11-a, si vijon:

"Neni 11-a

Gjykatësi i cili sipas nevojës së detyrës është dërguar që përkohësisht ta kryejë funksionin e gjykatësit në gjykatë tjetër, ka të drejtë rroge në lartësi të rrogës së gjykatësit në atë gjykatë, nëse ajo është më e volitshme për të."

Neni 8

Në nenin 12 paragrafi (1), alineja 3 ndryshohet si vijon:

"-kompensim për jetë të ndarë nga familja, në lartësi të rregulluar në pajtim me Ligjin për realizimin të Buxhetit të Republikës së Maqedonisë, si dhe kompensim për transport për katër udhëtime kthyese nga vendi ku e ushtron funksionin deri te vendi ku jeton, në lartësi të biletës së autobusit, nëse nuk shfrytëzon kompensim për jetë të ndarë,".

Alinetë 6, 7 dhe 8 ndryshohen, si vijojnë:

"-në rast të vdekjes së gjykatësit, familjes së tij i takon ndihmë me para në shumë të rregulluar në pajtim me Ligjin për realizimin e Buxhetit të Republikës së Maqedonisë,

"-në rast vdekjeje të anëtarit të familjes më të ngushtë të gjykatësit (prind, bashkëshort, fëmijë të lindur në martesë apo jashtë martese, të birësuar, fëmijë të adoptuar dhe fëmijë të marrë në përkujdese), gjykatësit nëse ka jetuar në bashkësi i takon ndihmë me para në lartësi të rregulluar në pajtim me Ligjin për realizimin e Buxhetit të Republikës së Maqedonisë dhe

"-në rast të pushimit mjekësor më të gjatë se gjashtë muaj dhe në rast të pasojave më të rënda nga fatkeqësitë elementare, sipas Ligjit për mbrojtje dhe shpëtim, gjykatësit i paguhet ndihmë në lartësi të një rroge të paguar mesatare mujore neto, në gjykatën ku është i punësuar."

Neni 9

Në nenin 13 paragrafi (1) pika a), ndryshohet si vijon:

"a) kompensim për mëditje për udhëtim zyrtar në vend pa shpenzime për bujtje, në shumë të përcaktuar në pajtim me Ligjin për realizimin e Buxhetit të Republikës së Maqedonisë dhe".

Në paragrafin (2) pika b) pikëpresja zëvendësohet me lidhëzen "dhe".

Në pikën v), fjalët "në hotelet me kategori deri në pesë yje" zëvendësohen me fjalët: "për vendosje në hotel".

Pika g) shlyhet.

Neni 10

Neni 14 shlyhet.

Neni 11

Neni 16 shlyhet.

Neni 12

Në nenin 19 viti "2009" zëvendësohet me vitin "2008".

Pas paragrafit (1) shtohet paragrafi (2), si vijon:

"(2) Punëdhënësi të drejtën e përcaktuar për rrogë në vitin 2010, mund ta zmadhojë për 10% duke filluar me pagesën për shtator 2010."

Neni 13

Ky Ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetë zyrtare të Republikës së Maqedonisë", ndërsa do të fillojë të zbatohet nga 1 janari 2010, përveç neneve 5, 6, 7, 8, 9, 10 dhe 11 të këtij Ligji, të cilat do të zbatohen nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

---

**3230.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ

Се прогласува Законот за платите на јавните обвинители,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 16 декември 2009 година.

Бр. 07-5268/1
16 декември 2009 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

# З А К О Н
# ЗА ПЛАТИТЕ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредува системот на плати, надоместоци на плата, други надоместоци и примања на јавните обвинители.

Член 2

(1) Јавниот обвинител има право на плата соодветна на значењето и угледот на јавнообвинителската функција што ја врши, тежината на работата и неговата одговорност.

(2) Платата на јавниот обвинител, утврдена според одредбите на овој закон, не може да биде намалена со закон или одлука на државен орган.

(3) Платата на јавниот обвинител може да се намали само при утврдена дисциплинска одговорност согласно со закон.

Член 3

(1) Средствата за плата, надоместоци и примања на јавниот обвинител утврдени со овој закон се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

(2) Платата на јавниот обвинител се пресметува во бруто износ, а се исплатува во нето паричен износ еднаш месечно во тековниот месец за претходниот месец, а најдоцна до 15 во тековниот месец.

## II. ПЛАТА

Член 4

Висината на платата на јавниот обвинител се утврдува во зависност од:

- видот на јавното обвинителство,
- одделот и видот на предметите по кои постапува,
- внатрешните должности во јавното обвинителство,
- работниот стаж,
- научно-стручните звања и специјализација и
- постигнатите резултати во вршењето на функцијата на јавен обвинител.

Член 5

(1) Платата на јавниот обвинител се пресметува на начин што се множи основицата со коефициентот за утврдување на платата.

(2) Основицата за утврдување на платата на јавните обвинители е просечната исплатена месечна плата по вработен во Република Македонија за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

Член 6

(1) Платите на јавните обвинители се распоредени во пет групи изразени во коефициенти.

(2) Коефициентот за утврдување на платата на јавните обвинители изнесува од 2,8 до 3,7.

(3) Пресметувањето на платите се врши според видот на јавното обвинителство во кое јавниот обвинител ја врши својата функција, и тоа:

- првата група ги опфаќа основниот јавен обвинител со коефициент 3,0 и јавните обвинители во основните јавни обвинителства со коефициент од 2,8 кои постапуваат пред судовите со основна надлежност,
- втората група ги опфаќа основниот јавен обвинител со коефициент од 3,2 и јавните обвинители во основните јавни обвинителства со коефициент од 2,9 кои постапуваат пред судовите со проширена надлежност,
- третата група ги опфаќа основниот јавен обвинител со коефициент 3,5 и јавните обвинители со коефициент 3,2 во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција,
- четвртата група ги опфаќа вишиот јавен обвинител со коефициент 3,5 и јавните обвинители во вишото јавно обвинителство со коефициент 3,2 и
- петтата група ги опфаќа јавниот обвинител на Република Македонија со коефициент 3,7 и јавните обвинители во Јавното обвинителство на Република Македонија со коефициент 3,4.

(4) На коефициентот на плата на јавен обвинител кој раководи со одделение во јавното обвинителство се додава 0,1.

Член 7

Платата на јавниот обвинител се утврдува на начин што основицата се множи со утврдениот коефициент од членот 6 на овој закон, зголемена за процент за работното искуство, кое се вреднува со 0,5% за секоја започната година на работен стаж, а најмногу до 20 %.

Член 8

Јавниот обвинител кој по потреба на службата времено е упатен функцијата јавен обвинител да ја врши во друго јавно обвинителство, има право на плата во висина на платата на јавниот обвинител во тоа јавно обвинителство, доколку таа е поповолна за него.

## III. НАДОМЕСТОК НА ПЛАТА, ДРУГИ НАДОМЕСТОЦИ И ПРИМАЊА

Член 9

Јавниот обвинител има право на надоместок на плата за отсуство поради користење на годишен одмор, стручно усовршување, за време на боледување и други отсуства од работа во согласност со општите прописи што ги уредуваат работните односи.

Член 10

(1) Јавниот обвинител има право на надоместок на трошоците поврзани со вршење на јавнообвинителската функција, и тоа:

- надоместок на трошоци за превоз на јавен обвинител којшто живее во една, а работи во друга општина, во висина на вистинските трошоци во јавен сообраќај,
- надоместок на трошоци за одвоен живот од семејството во висина утврдени согласно со Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија, како и надоместок за превоз за четири повратни патувања од местото каде што ја врши функцијата до местото каде што живее, во висина на автобуска карта, доколку не користи надоместок за одвоен живот,
- надоместок за закупнина на стан за јавен обвинител кој има право да користи службен стан согласно со закон, доколку не може да му биде обезбеден службен стан. Надоместокот за закупнина на стан не следува доколку на јавниот обвинител му се исплатува надоместок на трошоци за одвоен живот,

- за деновите кога јавниот обвинител е на службен пат, боледување, годишен одмор и отсуство од работа по која било основа, надоместокот за одвоен живот не се исплатува,

- надоместокот за селидбени трошоци на јавен обвинител на кој му следува право на користење на службен стан се исплатува во висина на вистинските трошоци за превоз на покуќнината. Надоместокот за селидбени трошоци не следува доколку на јавниот обвинител му се исплатува надоместок на трошоци за одвоен живот,

- во случај на смрт на јавен обвинител на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ утврден согласно со Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија,

- во случај на смрт на член на потесно семејство на јавен обвинител (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и деца земени на издржување) на јавниот обвинител, ако живеел во заедница му припаѓа парична помош во висина утврдена согласно со Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија и

- во случај на боледување подолго од шест месеца и во случај на потешки последици од елементарни непогоди, во смисла на Законот за заштита и спасување, на јавниот обвинител му се исплатува помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата во јавното обвинителство каде што е вработен.

Член 11

(1) Надоместокот на трошоците за службени патувања во земјата и во странство опфаќа:

а) надоместок за дневница за службено патување во земјата без трошоци за ноќевање во износ утврден согласно со Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија и

б) надоместок за дневница за службено патување во странство се исплатува:

- 50% од утврдената дневница ако се поднесе сметка за сместување, како и во случај кога сместувањето не паѓа на товар на јавното обвинителство и

- 20% од утврдената дневница ако трошоците за сместување и исхрана не паѓаат на товар на јавното обвинителство.

(2) Пресметката на трошоците за службено патување со дневница се одредува:

а) една дневница за секои 24 часа поминати на службено патување во странство и ако вкупното патување трае подолго од 12 часа;

б) половина дневница за време од 12 часа поминати на службено патување во странство, како и во случај кога остатокот од времето во континуитет е подолго од 8 часа и

в) трошоците за ноќевање се признаваат во полн износ според приложена сметка за хотелско сместување.

Член 12

(1) Надоместокот за дежурство на јавниот обвинител по завршување на редовното работно време до започнувањето на работното време наредниот ден, во работните денови изнесува 60% од износот на дневницата за службено патување утврдена на ниво на Република Македонија, а за деновите во кои не се работи, изнесува 80% од дневницата за службено патување.

(2) Доколку дежурството се врши дома, надоместокот изнесува 30% од износот утврден во ставот (1) од овој член.

Член 13

(1) На јавен обвинител кој ќе оствари право на старосна пензија, му следува пензија во висина утврдена со закон.

(2) Јавниот обвинител има право на испратнина при заминување во пензија во висина на две просечни месечни плати исплатени во Република Македонија во последните три месеца.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 14

Со денот на започнувањето на примената на овој закон, престануваат да важат одредбите од членовите 15, 16, 17 и 17-б на Законот за плата и други надоместоци на пратениците на Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 36/90, 38/91, 23/97, 37/2005, 84/2005, 121/2007 и 161/2008) кој се однесува на јавните обвинители и заменицитe јавни обвинители во соодветните јавни обвинителства.

Член 15

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2010 година.

---

# L I G J
# PËR RROGAT E PROKURORËVE PUBLIKË

## I. DISPOZITA THEMELORE

Neni 1

Me këtë ligj rregullohen sistemi i rrogave, kompensimeve të rrogave, kompensimeve dhe të ardhurave tjera të prokurorëve publikë.

Neni 2

(1) Prokurori publik ka të drejtë për rrogë, në pajtim me rëndësinë dhe autoritetin e funksionit të prokurori publik që e kryen, peshën e punës dhe përgjegjësinë e tij.

(2) Rroga e prokurorit publik e përcaktuar sipas dispozitave të këtij ligji, nuk mund të zvogëlohet me ligj ose vendim të organit shtetëror.

(3) Rroga e prokurorit publik mund të zvogëlohet, vetëm gjatë përgjegjësisë së përcaktuar disiplinore në pajtim me ligjin.

Neni 3

(1) Mjetet për rrogë, kompensime dhe të ardhura të prokurorit publik, të përcaktuara me këtë ligj me këtë ligj, sigurohen nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë.

(2) Rroga e prokurorit publik llogaritet në shumë bruto, ndërsa paguhet në shumë neto në para, një herë në muaj gjatë muajit rrjedhës për muajin paraprak, e më së voni deri më 15-in në muajin rrjedhës.

## II. RROGA

Neni 4

Lartësia e rrogës së prokurorit publik, përcaktohet varësisht nga:

- lloji i prokurorisë publike,
- seksioni dhe lloji i lëndëve për të cilat procedon,
- detyrat e brendshme në prokurorinë publike,
- stazhi i punës,
- titujt shkencorë-profesionalë dhe specializimi dhe
- rezultatet e arritura gjatë kryerjes së funksionit të prokurorit publik.

Neni 5

(1) Rroga e prokurorit publik, llogaritet në mënyrë që shumëzohet baza me koeficientin për përcaktimin e rrogës.

(2) Baza për përcaktimin e rrogës së prokurorëve publikë, është rroga mujore mesatare e paguar për të punësuar në Republikën e Maqedonisë për vitin paraprak, sipas të dhënave të Entit Shtetëror për Statistikë.

Neni 6

(1) Rrogat e prokurorëve publikë, janë të sistemuara në pesë grupe, të shprehura me koeficiente.

(2) Koeficienti për përcaktimin e rrogës së prokurorëve publikë është prej 2,8 deri në 3,7.

(3) Llogaritja e rrogave bëhet sipas llojit të prokurorisë publike, në të cilën prokurori publik e kryen veprimtarinë e vet, si vijon:

- grupi i parë, i përfshin prokurorin publik themelor me koeficient 3,0 dhe prokurorët publikë në prokuroritë themelore publike, me koeficient prej 2,8 të cilët veprojnë nëpër gjykatat me kompetencë themelore,
- grupi i dytë, i përfshin prokurorin publik themelor me koeficient prej 3,2 dhe prokurorët publikë në prokuroritë themelore publike, me koeficient prej 2,9 të cilët veprojnë nëpër gjykatat me kompetencë të zgjeruar,
- grupi i tretë, i përfshin prokurorin publik themelor me koeficient 3,5 dhe prokurorët publikë me koeficient 3,2 në Prokurorinë Themelore Publike për ndjekje të krimit të organizuar dhe korrupsionit,
- grupi i katërt, i përfshin prokurorin e lartë publik, me koeficient 3,5 dhe prokurorët publikë në prokurorinë e lartë publike, me koeficient 3,2 dhe
- grupi i pestë, i përfshin prokurorin publik të Republikës së Maqedonisë me koeficient 3,7 dhe prokurorët publikë në Prokurorinë Publike të Republikës së Maqedonisë, me koeficient 3,4.

(4) Koeficientit të rrogës së prokurorit publik i cili udhëheq me seksionin në Prokurorinë Publike i shtohet 0,1.

Neni 7

Rroga e prokurorit publik përcaktohet në mënyrë që baza shumëzohet me koeficientin e përcaktuar nga neni 6 i këtij Ligji, e zmadhuar për përqindjen për përvojë pune, e cila vlerësohet me 0,5% për çdo vit të filluar të stazhit të punës, e më së shumti deri në 20%.

Neni 8

Prokurori publik i cili sipas nevojës së shërbimit është dërguar që përkohësisht, funksionin e prokurorit publik ta kryejë në prokurori tjetër publike, ka të drejtë rroge në lartësi të rrogës së prokurorit publik në atë prokurori publike, nëse ajo është më e volitshme për të.

## III. KOMPENSIMI I RROGËS, KOMPENSIMET DHE TË ARDHURAT TJERA

Neni 9

Prokurori publik ka të drejtë për kompensim të rrogës në mungesë, për shfrytëzimin e pushimit vjetor, përsosjen profesionale, gjatë kohës së pushimit mjekësor dhe mungesa tjera nga puna, në pajtim me dispozitat e përgjithshme që i rregullojnë marrëdhëniet e punës.

Neni 10

(1) Prokurori publik ka të drejtë për kompensim të shpenzimeve, lidhur me kryerjen e funksionit të prokurorit publik, si vijon:

- kompensim për shpenzimet për transport të prokurorit publik, i cili jeton në një komunë ndërsa punon në komunë tjetër, në lartësi të shpenzimeve reale në komunikacionin publik,
- kompensim të shpenzimeve për jetë të ndarë nga familja, në lartësi të përcaktuara në pajtim me Ligjin për realizimin e Buxhetit të Republikës së Maqedonisë, si dhe kompensim për katër udhëtime kthyese nga vendi ku e kryen funksionin deri në vendin ku jeton, në lartësi të biletës për autobus, nëse nuk shfrytëzon kompensim për jetë të ndarë,
- kompensim për qira të banesës për prokurorin publik i cili ka të drejtë të shfrytëzojë banesë zyrtare në pajtim me ligjin, nëse nuk mund t'i sigurohet banesë zyrtare. Kompensimi për qiramarrje të banesës nuk i takon nëse prokurorit publik i paguhet kompensim i shpenzimeve për jetë të ndarë,
- për ditët kur prokurori publik është në udhëtim zyrtar, pushim mjekësor, pushim vjetor dhe mungon nga puna në çfarëdo baze, kompensimi për jetë të ndarë nuk i paguhet,
- kompensim për shpenzime të shpërnguljes të prokurorit publik të cilit i takon e drejta të shfrytëzimit të banesës zyrtare, paguhet në lartësi të shpenzimeve reale për transport të orendive shtëpiake. Kompensimi për shpërngulje nuk i takon, nëse prokurorit publik i paguhet kompensim i shpenzimeve për jetë të ndarë,
- në rast vdekjeje të prokurorit publik, familjes së tij i takon ndihmë në para në shumën e përcaktuar në pajtim me Ligjin për realizimin e Buxhetit të Republikës së Maqedonisë,
- në rast vdekjeje të anëtarit të familjes më të ngushtë të prokurorit publik (prind, bashkëshort, fëmijë të lindur në martesë ose jashtë martese, të birësuar, të adoptuar dhe fëmijë të marrë në mbajtje), prokurorit publik nëse ka jetuar në bashkësi i takon ndihmë me para në lartësi të përcaktuar sipas Ligjit për realizimin e Buxhetit të Republikës së Maqedonisë,
- në rast të pushimit mjekësor më të gjatë se gjashtë muaj dhe në rast të pasojave më të rënda nga fatkeqësi elementare, sipas Ligjit për mbrojtje dhe shpëtim, prokurorit publik i paguhet ndihmë në lartësi të një rroge mesatare mujore neto të fundit, të paguar në prokurorinë publike ku është i punësuar.

Neni 11

(1) Kompensimi i shpenzimeve për udhëtime zyrtare në vend dhe jashtë vendit, i përfshin:

a) kompensimin për mëditje për udhëtim zyrtar në vend pa shpenzime për bujtje, në shumë të përcaktuar, në pajtim me Ligjin për realizimin e Buxhetit të Republikës së Maqedonisë dhe

b) kompensimi për mëditje për udhëtim zyrtar jashtë vendit paguhet:

- 50% nga mëditja e përcaktuar nëse parashtrohet llogari për strehim, si dhe në rast kur strehimi nuk bie në llogari të prokurorisë publike dhe

- 20% nga mëditja e përcaktuar nëse shpenzimet për strehim dhe ushqim nuk bien në llogari të prokurorisë publike.

(2) Llogaritja e shpenzimeve për udhëtim zyrtar me mëditje, përcaktohet:

a) një mëditje për çdo 24 orë të kaluara në udhëtim zyrtar jashtë vendit dhe nëse udhëtimi i përgjithshëm zgjat më tepër se 12 orë;

b) gjysmë mëditje për kohën prej 12 orësh të kaluara në udhëtim zyrtar jashtë vendit, si dhe në rast kur pjesa tjetër e kohës në vazhdimësi është më e gjatë se 8 orë dhe

v) shpenzimet për bujtje pranohen me shumë të plotë sipas llogarisë së parashtruar për strehim në hotel.

Neni 12

(1) Kompensimi për kujdestari të prokurorit publik pas mbarimit të orarit të rregullt të punës deri në fillim të orarit të punës në ditën e ardhshme, në ditët e punës është 60% nga shuma e mëditjes për udhëtim zyrtar e përcaktuar në nivel të Republikës së Maqedonisë, ndërsa për ditët në të cilat nuk punohet është 80% nga mëditja për udhëtime zyrtare.

(2) Nëse kujdestaria kryhet në shtëpi, kompensimi është 30% nga shuma e përcaktuar në paragrafin (1) të këtij neni.

Neni 13

(1) Prokurorit publik i cili do ta realizojë të drejtën e pensionit sipas pleqërisë, i takon pensioni në lartësi të përcaktuar me ligj.

2) Prokurori publik ka të drejtë të pagesës përcjellëse gjatë shkuarjes në pension, në lartësi prej dy rrogave mujore mesatare, të paguara në Republikën e Maqedonisë në tre muajt e fundit.

IV. DISPOZITA KALIMTARE DHE PËRFUNDIMTARE

Neni 14

Me ditën e fillimit të zbatimit të këtij ligji, shfuqizohen dispozitat nga nenet 15, 16, 17 dhe 17-b, të Ligjit për rroga dhe kompensime tjera të deputetëve të Kuvendit të Republikës së Maqedonisë dhe personave tjerë të zgjedhur dhe të emëruar në Republikën e Maqedonisë (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 36/90, 38/91, 23/97, 37/2005, 84/2005, 121/2007 dhe 161/2008) i cili ka të bëjë me prokurorët publikë dhe zëvendësprokurorët publikë në prokuroritë publike përkatëse.

Neni 15

Ky ligj hyn në fuqi në ditën tetë nga dita e botimit në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë", ndërsa do të fillojë të zbatohet nga 1 janari 2010.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**3231.**

Врз основа на член 23, став 2 и член 251, точка 11 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/2002, 98/2002 и 25/2003), претседателот на Република Македонија, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПЛАКЕТИ, ЗНАЧКИ, НАГРАДИ И ПОФАЛНИЦИ НА ВОЕНИ И ЦИВИЛНИ ЛИЦА НА СЛУЖБА ВО АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Правилникот за доделување на плакети, значки, награди и пофалници на воени и цивилни лица на служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 49/2003), во членот 1, после зборовите: (во натамошниот текст: воени лица), после заградата се брише зборот „и“, наместо него става запирка, а после зборот „службата“, точката се заменува со зборовите: „и на странски воени делегации во Република Македонија, на претставници на странски држави во Република Македонија и на правни лица од Република Македонија со кои Армијата на Република Македонија остварила успешна соработка“.

Член 2

После членот 7, се додава нов член 7-а, кој гласи:

„По исклучок од член 7 на овој правилник, Голема плакета се доделува во знак на признание за исклучително успешно остварена соработка на:

- министри за одбрана,
- началници на Генералштаб и
- генерали – команданти на високи команди.“

Член 3

После членот 9, се додава нов член 9-а, кој гласи:

„По исклучок од член 9 на овој правилник, Средна плакета се доделува во знак на признание за исклучително успешно остварена соработка на:

- заменици министри за одбрана,
- генерали,
- државни секретари и
- амбасадори“.

Член 4

После членот 11, се додава нов член 11-а, кој гласи:

„По исклучок од член 11 на овој правилник Мала плакета се доделува во знак на признание за исклучително успешно остварена соработка на:

- одбранбени аташеа,
- команданти на единици и
- претставници на правни лица во Република Македонија.“

Член 5

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-966
3 ноември 2009 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов**, с.р.

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3232.**

Врз основа на член 26 став 2 од Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/08, 139/08 и 64/09) и член 11 став 1 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/08 и 52/09), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 22.12.2009 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ КОНЦЕСИЈА ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ НА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ, НАПЛАТА НА ПАТАРИНА И КОРИСТЕЊЕ НА ДЕЛ ОД ДРЖАВНИТЕ ПАТИШТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (ПАКЕТ 1)

Член 1

Во Одлуката за започнување постапка за доделување концесија за вршење на работите на изградба, реконструкција, одржување, наплата на патарина и користење на дел од државните патишта во Република Македонија (Пакет 1) бр.19-5661/1 од 6.11.2009 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 134/09), во член 6 ставот 2 се менува и гласи:

„Рокот за спроведување на постапката е 450 дена од денот на објавувањето на јавниот повик за доставување барања за учество во постапката во „Службен весник на Република Македонија“, при што:

- рокот за доставување барања за учество во постапката е 98 дена од денот на објавување на јавниот повик за доставување барања за учество;
- рокот за избор на способни кандидати е 60 дена од истекот на рокот за поднесување барања за учество во постапката;
- рокот за доставување понуди во втората фаза на постапката е 120 дена од денот на испраќање на покани за доставување понуди.“

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.19-6568/1
22 декември 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Васко Наумовски**, с.р.

---

**3233.**

Врз основа на член 26 став 2 од Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/08, 139/08 и 64/09) и член 11 став 1 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/08 и 52/09), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 22.12.2009 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ КОНЦЕСИЈА ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ НА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ, НАПЛАТА НА ПАТАРИНА И КОРИСТЕЊЕ НА ДЕЛ ОД ДРЖАВНИТЕ ПАТИШТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (ПАКЕТ 2)

Член 1

Во Одлуката за започнување постапка за доделување концесија за вршење на работите на изградба, реконструкција, одржување, наплата на патарина и користење на дел од државните патишта во Република Македонија (Пакет 2) бр.19-5661/2 од 6.11.2009 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.134/09), во член 6 ставот 2 се менува и гласи:

„Рокот за спроведување на постапката е 450 дена од денот на објавувањето на јавниот повик за доставување барања за учество во постапката во „Службен весник на Република Македонија“, при што:

- рокот за доставување барања за учество во постапката е 98 дена од денот на објавување на јавниот повик за доставување барања за учество;
- рокот за избор на способни кандидати е 60 дена од истекот на рокот за поднесување барања за учество во постапката;
- рокот за доставување понуди во втората фаза на постапката е 120 дена од денот на испраќање на покани за доставување понуди.“

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-6568/2
22 декември 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Васко Наумовски**, с.р.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**3234.**

Врз основа на член 11, став 3 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/97, 54/97, 13/01, 2/02 и 54/07) министерот за финансии, донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛОЗОВИТЕ И ТОМБОЛСКИТЕ КАРТИЧКИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува образецот на лозовите, инстант лозовите и томболските картички што се употребуваат при приредувањето на игрите на среќа: лотарија, инстант лотарија и томбола.

Член 2

Лозовите што се употребуваат при приредувањето на играта на среќа „лотарија“ се изработуваат од бездрвна хартија во правоаголна форма со димензии 4 см х 12 см и рамка од 0,5 см.

Образецот на лозот од ставот 1 на овој член од предната страна ги содржи следните елементи:

- во горниот дел се отпечатуваат зборовите: „игра на среќа - лотарија”, а под нив се отпечатува називот на приредувачот на играта;
- под називот на приредувачот на играта на левата страна е отпечатен ЕМБС на приредувачот, а на десната страна бројот на колото, бројот на лозот и датумот на извлекување;
- во средината се отпечатува зборот „лоз”;
- под зборот „лоз” се отпечатува цената на лозот и
- во долниот лев агол во рамката на лозот се отпечатуваат зборовите „препечатување е забрането”.

На задната страна од лозот се отпечатуваат правата на имателот на лозот и тоа: добивката се исплатува на доносителот на лозот, по јавно објавување на извештајот од играта, дека подигањето на добивката застарува за 60 дена од денот на објавувањето, местото на подигање на добивките, емисија на лозовите, фондот на добивките и местото за печат на приредувачот на играта.

Основата на лозот може да биде зелена, сина или црвена боја, при што со побледи тонови можат да се отпечатат симболи и знаци што ќе ги предложи приредувачот.

Образецот на лозот од ставот 1 на овој член е даден во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Инстант лозовите што се употребуваат при приредување на играта на среќа „инстант лотарија“ се изработуваат од тенка картонска хартија и може да бидат во правоаголна, квадратна или кружна- елипсоидна форма.

Инстант лозот кој е во форма на правоаголник може да ги има следниве димензии:

- 5 x 6 до 15 см
- 6 x 7 до 15 см.
- 7 x 8 до 15 см.
- 8 x 9 до 15 см.
- 9 x 10 до 15 см.
- 10 x 11 до 15 см.

Инстант лозот кој е во форма на квадрат може да ги има следниве димензии:

- 5 x 5 см
- 6 x 6 см.
- 7 x 7 см.
- 8 x 8 см.
- 9 x 9 см.
- 10 x 10 см.

Инстант лозот кој е во кружна – елипсоидна форма може да изнесува најмногу до 15 сантиметри.

Образецот на лозовите од ставот 1 на овој член од предната страна особено ги содржи следниве елементи:

- името на играта,
- заштитен знак и лого на приредувачот,
- цената на лозот,
- бројот на серијата,
- објаснување како се постигнува добивка,
- поле за игра покриено со заштитен слој и
- контролен бар код покриен со заштитен слој.

Образецот на лозовите од ставот 1 на овој член од задната страна особено ги содржи следниве елементи:

- името на играта,
- заштитен знак и лого на приредувачот
- EAN код (потрошувачки код)
- бројот на серијата,
- емисија на лозови
- процент на фондот на добивки
- цена и
- распоред на фондот на добивките.

Обрасците на лозовите од став 1 на овој член се дадени во Прилог 2, Прилог 3 и Прилог 4 и се составен дел на овој правилник.

Член 4

Томболските картички се изработуваат од бездравна хартија во форма на правоаголник кој може да ги има следните димензии:

- 7 x 15 до 20 см.
- 8 x 15 до 20 см
- 9 x 15 до 20 см.
- 10 x 15 до 20 см.
- 11 x 15 до 20 см.
- 12 x 15 до 20 см.
- 13 x 15 до 20 см.
- 14 x 15 до 20 см.

Образецот на томболските картички од ставот 1 на овој член од предната страна особено ги содржи следните елементи:

- името на играта,
- заштитен знак и лого на приредувачот,
- контролен бар код, броеви на серијата, број на томболската картичка, контролен број и шест правоаголни полиња кои содржат 27 квадрати или кругови распоредени во три хоризонтални реда од кои во пет во секој ред се отпечатени по еден број од групата броеви од 1 до 90, додека останатите четири полиња се без отпечатени броеви.

Образецот на томболските картички од ставот 1 на овој член од задната страна особено ги содржи следните елементи:

Согласно договорот за уредување на меѓусебните односи и делови во врска со градбата со број _______ од _______ година, потврден од Нотар со бр. УЗП ______ од __________ година, утврдените идеални делови (дропки)на инвеститорите се следните:

- ________________________________________________________________
- ________________________________________________________________
- ________________________________________________________________
- ________________________________________________________________

Со барањето инвеститорот/инвеститорите поднесе/поднесоа:

- проект на изведена состојба за извршените измени во текот на градењето, со технички број ___________ од ______ година, изработен од _______________________________ , регистриран за вршење на таа дејност во __________________________, под број ___________ од ________ година, со лиценца број _________________ од _______________ година, издадена од _________________;

- завршен извештај од надзорниот инженер дека градбата е изградена во согласност со проектот и одобрението за градење, со бр. _________ од ______ година ;

- извадок од јавната книга за последната состојба на запишани права на градбата (имотен лист), заради утврдување на правниот однос во врска со градбата меѓу инвеститорот и сопственикот на земјиштето, бр._________од _____година, издаден од ___________________ од __________;

_____________________________________________ по службена должност
(надлежен орган)
со решение бр. ___________ од ______ година формира комисија за вршење на технички преглед на градбата, која го изврши техничкиот преглед и со записник од ________ година констатира дека градбата е изградена согласно проектот и одобрението за градење и дека може да се даде во употреба и да се користи за предвидената намена.

По издавањето на ова одобрение изведувачот и инвеститорот се должни да извршат примопредавање на градежниот објект и за тоа составуваат записник за примопредавање на изведената градба како градежен објект.

Врз основа на горе изнесеното, _______________________________________
(надлежен орган)
одлучи како во диспозитивот на ова одобрение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: ___________________________________
________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________
______________.

Таксата по тарифен број ___________од Законот за административни такси, во износ од __________ денари е наплатена и приложена со барањето.

ДОСТАВЕНО ДО:
-
-
-

име и презиме и потпис
на овластеното лице

(МП)

**3242.**

Врз основа на член 69 став (8) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09), министерот за транспорт и врски донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗМЕНИ ВО ТЕКОТ НА ИЗГРАДБАТА И ОБРАЗЕЦОТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за измени во текот на изградбата и образецот на решението за одобрување на измените.

Член 2

Барањето за добивање на решение со кое се одобруваат измените во текот на изградбата се поднесува на образец во формат А4 кој е даден во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Решението за одобрување на измени во текот на изградбата се издава на образец во формат А4, кој е даден во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на барањето за измени во текот на изградбата и образецот на решението за одобрување на измените („Службен весник на Република Македонија“ бр. 123/08).

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-14337
17 декември 2009 година
Скопје

Министер,
**Миле Јанакиески,** с.р.

Прилог 1

**До**

______________________________________

______________________________________

**(назив на органот)**

**Б А Р А Њ Е**

**за решение за одобрување на измена во текот на изградбата**

Од ______________________________________ од _______________,

ул. "_____________________" бр. _________ .

лице за контакт: _________________________, тел. _________________

Барам да ми се издаде решение за одобрување на измени во текот на изградбата со кое ќе ми се одобри измената во Основниот проект кој е составен дел на Одобрението за градење со бр. ________ издадено на ________ год. од _______________________________________ со кое ми е одобрена изградба на
(надлежен орган)
"________________________________________________________________
____________________".

Скопје,
___________ год.

Барател,
_____________________________

**Прилог 2**

**ШТЕМБИЛ НА ОРГАНОТ**

________________________________________________решавајќи по барањето на
(назив на органот)
_________________________________ поднесено на _________ год. за Решение за одобрување на измената во текот на изградбата ______________________________ __________________, врз основа на член 69 став 2 од Законот за градење ("Сужбен весник на Република Македонија" бр. 130/09) и член 205, став 1 од Законот за општата управна постапка ("Сужбен весник на Република Македонија" бр. 38/05 и 110/08), го донесува следното

## Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ ОДОБРУВА** барањето на _______________________________________ за измена во текот на изградбата _______________________________.

## О б р а з л о ж е н и е

Инвеститорот, _______________________________________, поднесе барање бр. __________ на _____________ год. за измена во основниот проект за изградба на _______________________________.

Инвеститорот со барањето достави:

1. Анекс кон Основен проект со техн. бр. _________ изработен од ______________ ______________________________, регистрирано за вршење дејност во Централниот регистар на Република Македонија под ЕМБС _________, за извршените измени во Основниот проект со техн. бр. ______________________________- изработен од ______________________________, регистрирано за вршење дејност во Централниот регистар на Република Македонија под ЕМБС _________ кој е составен дел на Одобрението за градење бр. _______ од _________ год. издадено од Министерството за транспорт и врски.
2. Согласност од проектантот на Основниот проект со бр. _______ од ______ год. издадена од _______________________________________.
3. Ревизија на Анекс кон основниот проект со бр. __________ од __________ год. извршена од ______________________________, регистрирано за вршење дејност во Централниот регистар на Република Македонија под ЕМБС _________.
4. Изјава од проектантот со која се потврдува дека Анексот на основниот проект е изработен согласно решението за локациски услови и изводот од Урбанистичкиот план, односно дека не отстапува од условите за градење предвидени со

урбанистичкиот план кој е во примена во моментот на изработка на проектот, заверена кај Нотар ___________________, под бр. УЗП _______ на _______ год.
5. Изјава од ревидентот со која се потврдува дека Анексот на основниот проект е изработен согласно решението за локациски услови и изводот од Урбанистичкиот план, односно дека не отстапува од условите за градење предвидени со урбанистичкиот план кој е во примена во моментот на изработка на проектот, заверена кај Нотар __________________, под бр. УЗП _______ на _______ год.
6. Доказ за решени имотно-правни работи, Имотен лист бр. _______ за КО _________, заведен под бр. ___________ на ________ год., издаден од Агенцијата за катастар на недвижности, Сектор/одделение за премер и катастар во _______________.
7. Потврди и согласности пропишани со посебен закон чие прибавување произлегува од карактерот на измената:
   _______________________________________________________
   _______________________________________________________
   _______________________________________________________
8. Доказ за платен надомест за уредување на градежно земјиште, со бр. _______ од __________ год. издаден од надлежниот орган, општина __________.

Откако се разгледани приложените списи одлучено е како во диспозитивот на ова решение.

Ова решение претствува составен дел на одобрението за градење бр. _________ од ___________ год. издадено од _____________________________.
(назив на органот)

Анексот на основниот проект претставува основа за изработка на проект на изведена состојба.

ПРАВНА ПОУКА: ______________________________________________________
______________________________________________________________________

Таксата е наплатена и приложена со барањето по тарифен број _________од Законот за административни такси

**Потпис и печат на овластено лице**

________________________

Доставено до:

- Инвеститорот
- Држ. Инспекторат
- Архива

**3243.**

Врз основа на член 55 став (6) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија” бр. 130/09), министерот за транспорт и врски донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ПОСТАПКАТА ЗА НОСТРИФИКАЦИЈА, СОДРЖИНАТА НА ПИСМЕНИОТ ИЗВЕШТАЈ, СОГЛАСНОСТА ЗА НОСТРИФИКАЦИЈА И НАЧИНОТ НА ЗАВЕРУВАЊЕ НА ПРОЕКТИТЕ ОД СТРАНА НА КОМИСИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува постапката за нострификација на проекти, содржината на писмениот извештај, согласноста за нострификација и начинот на заверување на проектите од страна на комисијата.

Член 2

Постапката за нострификација на проекти изработени според странски прописи започнува со поднесување на писмено барање до Комората на овластени архитекти и овластени инженери (во понатамошниот текст: Комора). Кон барањето за нострификација инвеститорот приложува:

- овластување на проектантот во земјата во која е регистриран и
- доказ за извршена уплата за надоместокот за нострификација на сметка на Комората.

Поднесеното барање за нострификација на проектите го разгледува комисијата од претседателот на Комората.

Кога комисијата ќе утврди дека документацијата не е комплетна и дека има потреба од доставување на дополнителни документи, писмено го известува барателот во рок од 10 дена од добивањето на известувањето, да ја комплетира документацијата.

По истекот на рокот за комплетирање на документацијата, комисијата составува писмен извештај врз основа на кој претседателот на комисијата издава согласност за нострификација на проектите или го одбива барањето за нострификација за што на барателот во прилог му се доставува извештајот на комисијата.

Член 3

Писмениот извештај на комисијата ги содржи следните податоци:

- архивски број на барањето за нострификација;
- имињата, стручните звања и броевите на овластувањата на членовите на Комисијата за нострификација;
- име и адреса на инвеститорот;
- име, адреса на правното лице кое ги изработило проектите;
- назив, локација и други детали важни за идентификација на градбата за која се однесуваат проектите;
- попис на сите делови на проектите кои се нострифицираат;
- листа на македонски прописи според кои се врши нострификација;
- образложение за извршените контроли со кои се проверува усогласеноста на проектите;
- потписи на сите членови на комисијата и
- заклучок.

Член 4

Согласноста за нострификација се издава на образец со формат А 4 и е даден во прилог кој е составен дел на овој правилник.

Согласноста од став 1 на овој член ги содржи: грбот на Република Македонија, ознака на Комората, број на извештајот на комисијата, имиња на проектите, име на проектантот, име на инвеститорот, датум на издавање, потпис на претседателот на комисијата и место за печат на Комората.

Член 5

Проектите за кои е извршена нострификација се заверуваат со штембил за нострификација на проекти. На секоја страна од проектите се става печат „нострифицирано”.

Извештајот и согласноста за нострификацијата се составен дел на заверените нострифицирани проекти.

Член 6

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за постапката за нострификација, содржината на писмениот извештај, согласноста за нострификација и начинот на заверување на проектите од страна на Комисијата за нострификација („Службен весник на Република Македонија” бр. 145/08).

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија” .

Бр. 01-14338
17 декември 2009 година
Скопје

Министер,
**Миле Јанакиески,** с.р.

Г Р Б Н А РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

СОГЛАСНОСТ ЗА

# НОСТРИФИКАЦИЈА

НА ПРОЕКТ

Комисијата на Комората на овластени архитекти и овластени инженери вра основа на извештајот под број _________ , потврдува дека проектот

______________________________________________________

( име на проектот )

изработен од ______________________________________________________

( име на проектантот )

по барање на ______________________________________________________

( име на инвеститорот)

е во согласност со одредбите на Законот за градење, техничките прописи и норми за градење на Република Македонија.

______________________

датум на издавање

**М.П.** **Претседател на Комисијата**

**3244.**

Врз основа на член (22) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија” бр. 130/09), министерот за транспорт и врски донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА СОДРЖИНАТА И ОБЕМОТ НА ВРШЕЊЕТО НА РЕВИЗИЈА НА ПРОЕКТОТ И НАЧИНОТ НА ЗАВЕРКАТА НА РЕВИДИРАНИОТ ПРОЕКТ ОД СТРАНА НА РЕВИДЕНТОТ

Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината и обемот на вршењето на ревизија на проектот и начинот на заверката на ревидираниот проект од страна на ревидентот.

Член 2

Ревизија се врши на проект кој според намената може да ги содржи проектите од различни стручни области:

1) архитектонски проект;

2) градежен проект (статика со сеизмика);

3) електротехнички проект;

4) сообраќаен проект;

5) термотехнички проект и

6) други проекти и елаборати во зависност од намената на градбата.

Ревизијата од став 1 на овој член може да врши овластен ревидент од соодветната стручна област, односно стручна насока, кој ги исполнува условите пропишани со закон.

Член 3

Со ревизијата на проектот се контролира неговата содржина, техничка исправност, квалитетот, како и усогласеноста на проектот со одредбите од Законот за градење, стандардите и нормативите за проектирање, другите важечки законски, подзаконски и технички прописи за градење во соодветната област и усогласеноста со издаденото решение за локациски услови за градење на градбата.

Ревизијата се врши на оформена, спакувана и заверена проектна документација.

Член 4

Со ревизијата ревидентот врши преглед на проектот, ги евидентира забелешките, за што составува извештај во писмена форма и врши заверка на проектот.

Член 5

Врз основа на извршената ревизија, евидентираните забелешки ревидентот му ги предава на инвеститорот и на проектантот во писмена форма, по кои проектантот треба да постапи или да даде прифатливо образложение.

По постапувањето или даденото образложение по забелешките на ревидентот, корегираниот проект, во завршна форма, спакуван и заверен, му се доставува на ревидентот на повторна контрола. Врз основа на прегледот на корегираниот проект ревидентот составува писмен извештај од извршената ревизија и врши заверка на ревидираниот проект.

Доколку не се дадени забелешки на проектот, ревидентот веднаш составува писмен извештај од извршената ревизија и го заверува ревидираниот проект.

Член 6

Извештајот од извршената ревизија на проектот содржи:

1. насловна страница, со назив на градбата, назив на изготвувачот на проектот, архивски број и датум;

2. предмет на ревизијата и категоријата на градбата согласно Законот за градење;

3. податоци за правното лице во кое е вработен ревидентот;

4. решение од правното лице за определување на ревидент со име, презиме и стручно звање на ревидентот;

5. копија од овластувањето на ревидентот;

6. податоци за инвеститорот - назив и седиште, доколку инвеститорот е правно лице, односно име, презиме и адреса, доколку инвеститорот е физичко лице;

7. податоци за правното лице во кое е изработен проектот, како и називот на проектната организација и име и презиме на главниот проектант и изработувачот на проектот (доколку не се работи за исто лице);

8. податоци за проектната документација која е предмет на ревизија;

9. евидентирање на прописите кои се применети во вршењето на ревизијата;

10. извештај со евидентираните забелешки, мислења и коментари на ревидентот;

11. заклучок на ревидентот и

12. потпис на ревидентот со печат и потпис на овластеното правно лице.

Член 7

Извештајот од член 6 на овој правилник содржи заклучок од извршената ревизија со кој се констатира дека проектот е усогласен со одредбите од Законот за градење, стандардите и нормативите за проектирање и другите важечки технички прописи за градење во соодветната област и може да биде прифатен за реализација, односно дека проектот не е усогласен со одредбите од Законот за градење, стандардите и нормативите за проектирање и другите важечки технички прописи за градење во соодветната област и не може да биде прифатен за реализација.

Ревидентот врши заверка на проектот доколку со извештајот е констатиран заклучок дека проектот е усогласен со одредбите од Законот за градење, стандардите и нормативите за проектирање и другите важечки технички прописи за градење во соодветната област и дека истиот може да се прифати за реализација.

Член 8

Ревидираниот проект се заверува на начин што на насловната страна на спакуваниот и заверен проект се става печатот на овластен ревидент со потпис на ревидентот, како и печат и штембил на бирото или проектанското друштво каде се врши ревизијата. Потоа, на секоја страна од ревидираниот проект ревидентот го става својот печат на овластен ревидент.

Член 9

Со денот на влегувањето на сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за содржината и обемот на вршењето на ревизија на проектот, начинот на заверката на ревидираниот проект од страна на ревидентот и начинот на пресметување на надоместокот за извршената ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр.131/08).

Член 10

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 01-14339
17 декември 2009 година Министер,
Скопје **Миле Јанакиески**, с.р.

---

**3245.**

Врз основа на член 10 став 7 од Законот за домување („Службен весник на Република Македонија" бр. 99/09), министерот за транспорт и врски, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА УПРАВИТЕЛ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ НА УПРАВУВАЊЕ СО СТАНБЕНА ЗГРАДА, КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛИЦЕНЦАТА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на издавање и одземање на лиценцата за управител за вршење на дејностите на управување со станбената зграда, како и формата и содржината на образецот на лиценцата.

Член 2

(1) Лиценцата за управител за вршење на дејностите на управување со станбената зграда се издава врз основа на поднесено писмено барање од страна на правно или физичко лице.

(2) Кон барањето од став 1 на овој член се доставува доказ дека лицето е регистрирано во Централниот регистар на Република Македонија за вршење на работите на управување со станбена зграда и доказ (М1 и М2 обрасци), дека има вработено најмалку пет лица, од кои две лица се со високо образование (дипломиран правник и дипломиран економист) и три лица со средно образование.

Член 3

(1) По доставеното барање и документацијата од член 2 на овој правилник се проверува доставената документација и доколку истата е комплетна, лиценцата се издава во рок од седум дена од денот на приемот на барањето.

(2) Доколку се утврди дека барањето за издавање на лиценца е некомплетно, писмено се известува барателот во рок од три дена од добивањето на известувањето да го комплетира, во спротивно барањето се одбива.

Член 4

(1) Лиценцата за управител за вршење на дејностите на управување со станбената зграда се одзема доколку се констатира дека правното или физичкото лице приложило неточни податоци потребни за добивање на лиценцата, престанало да ги исполнува условите за добивање на лиценцата и доколку ја користи лиценцата за друга намена од намената за која истата е издадена.

(2) За одземање на лиценцата се известува правното односно физичкото лице кое треба да ја врати лиценцата во рок од осум дена од приемот на известувањето.

Член 5

Образецот на лиценцата за управител за вршење на дејностите на управување со станбената зграда е со формат А-4 на специјална хартија во сина боја, е даден во прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01-14979
ноември 2009 година Министер,
Скопје **Миле Јанакиески,** с.р.

Прилог 1

**Република Македонија**
**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ДОМУВАЊЕ**

Врз основа на член 109 став 1 од Законот за домување ("Службен весник на Република Македонија" бр.99/09), Регулаторната комисија за домување издава

## *ЛИЦЕНЦА*

## ЗА УПРАВИТЕЛ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ НА УПРАВУВАЊЕ СО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ

## НА

______________________________________________

(назив, седиште, адреса и ЕМБС)

______________________________________________

ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО_______________

Број___________

_____________________________
(ден, месец и година на издавање)

Претседател на Регулаторна комисија за домување
_______________________

М.П.

## КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

**3246.**

Врз основа на член 18 и член 19 од Законот за инвестициски фондови („Службен весник на Република Македонија” бр.12/2009), постапувајќи по барањето на Друштвото за управување со фондови Иново Статус АД Скопје УП 1 број 07-1 од 19.11.2009 година, Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на ден 07.12.2009 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се дава согласност за именување на лицето Благој Митров , роден на ден 03.01.1960 година во с. Теранци-Кочани, за извршен член на Одборот на директори односно Извршен директор на Друштвото за управување со инвестициски фондови Иново Статус АД Скопје.

2. Согласноста за именување на лицето Благој Митров, согласно Одлуката бр. 02-89/1 од 11.11.2009 година, се дава со времетраење како мандатот на постоечкиот состав на членовите на Одборот на директори, утврден со Одлука бр. 02-56/1 од 29.02.2008 година и Решение на КХВ бр. 07-1082/5 од 19.05.2008 година.

3. Ова решение престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова Решение со денот на разрешување на лицето од точка 1 на ова решение од функцијата извршен член на Одборот на директори на Друштвото за управување со инвестициски фондови Иново Статус АД Скопје и во други случаи утврдени со закон.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

УП 1 Бр. 07-1 Комисија за хартии од вредност
7 декември 2009 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева Кавракова,** с.р.

---

**3247.**

Врз основа на член 17 став 3 од Законот за инвестициски фондови („Службен весник на Република Македонија” бр.12/2009), постапувајќи по барањето на Друштвото за управување со инвестициски фондови Иново Статус АД Скопје УП Број 07-1 од 19.11.2009 година, Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на ден 07.12.2009 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се дава согласност на измените и дополнувањата на Статутот на Друштвото за управување со инвестициски фондови Иново Статус АД Скопје заради усогласување на работењето на основаните друштва за управување со фондови согласно член 149 од Законот за инвестициски фондови.

2. Измените и дополнувањата од точка 1 на ова решение се вршат врз основа на Одлука бр. 02-87/1 од 10.11.2009 година за измена и дополнување на Статутот на Друштвото за управување со инвестициски фондови Иново Статус АД Скопје донесена на ден 11.11.2009 година од страна на Собранието на акционери на Друштвото.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а истото ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

УП 1 Бр. 07-1 Комисија за хартии од вредност
7 декември 2009 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева Кавракова,** с.р.

**3248.**

Врз основа на член 18 и член 19 од Законот за инвестициски фондови („Службен весник на Република Македонија” бр.12/2009), постапувајќи по барањето на Друштвото за управување со инвестициски фондови Иново Статус АД Скопје УП 1 број 07-1 од 19.11.2009 година, Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на ден 07.12.2009 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се дава согласност за именување на лицето Миа Стефановска Зографска, родена на ден 02.08.1976 година во Скопје, за извршен член на Одборот на директори односно Главен извршен директор на Друштвото за управување со инвестициски фондови Иново Статус АД Скопје.

2. Согласноста за именување на лицето Миа Стефановска Зографска, согласно Одлуката бр. 02-89/1 од 11.11.2009 година, се дава со времетраење како мандатот на постоечкиот состав на членовите на Одборот на директори, утврден со Одлука бр. 02-56/1 од 29.02.2008 година и Решение на КХВ бр. 07-1082/5 од 19.05.2008 година.

3. Ова решение престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова Решение со денот на разрешување на лицето од точка 1 на ова решение од функцијата извршен член на Одборот на директори на Друштвото за управување со инвестициски фондови Иново Статус АД Скопје и во други случаи утврдени со закон.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

УП 1 Бр. 07-1 Комисија за хартии од вредност
7 декември 2009 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева Кавракова,** с.р.

---

**3249.**

Врз основа на член 8 став 2 од Законот за инвестициски фондови („Службен весник на Република Македонија” бр.12/2009), постапувајќи по барањето на Друштвото за управување со инвестициски фондови Иново Статус АД Скопје УП 1 Бр. 07-2 од 19.11.2009 година, Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на ден 07.12.2009 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се дава согласност на Друштвото за управување со инвестициски фондови Иново Статус АД Скопје за пренос на административните работи кои се однесуваат на водење на деловни книги и сметки и изготвување на финансиски извештаи на правното лице Инвестко ДОО Скопје, со седиште на бул. „Партизански одреди“ бр. 8/м, Скопје.

2. Административните работи од точка 1 на ова Решение, кои се пренесуваат на правното лице Инвестко ДОО Скопје ќе се извршуваат во име и за сметка на Друштвото за управување со инвестициски фондови Иново Статус АД Скопје.

3. Правното лице Инвестко ДОО Скопје, административните работи од точка 1 на ова Решение ќе ги извршува самостојно, односно не смее да ги пренесува на други.

4. Друштвото за управување со инвестициски фондови Иново Статус АД Скопје во целост одговара за административните работи кои се однесуваат на водење на деловни книги и сметки и изготвување на финансиски извештаи, кои се пренесуваат на правното лице Инвестко ДОО Скопје.

5. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а истото ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

УП 1 Бр. 07-2 Комисија за хартии од вредност
7 декември 2009 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева Кавракова,** с.р.

---

**3250.**

Врз основа на член 88, став 1, точка б) и член 184, точка л) од Законот за хартии од вредност („лужбен весник на РМ“ бр. 95/2005, 25/2007 и 7/2008), Комисијата за хартии од вредност, постапувајќи по барањето број 08-2431/1 од 30-11-2009 година на Македонска берза АД Скопје за добивање на согласност на Правилата за тргување, на седницата одржана на ден 07-12-2009 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје од 30-11-2009 година, доставени до Комисијата за хартии од вредност на ден 30-11-2009 година и евидентирани под деловоден архивски број УП1 08-5.

2. СЕ ЗАДОЛЖУВА Македонска берза АД Скопје, во рок од 90 календарски дена од денот на приемот на ова Решение:

- да изврши дополнување на критериумите за распоредување на хартиите од вредност во еден од двата режима на тргување, дефинирани во член 42 став 4 од Правилата за тргување со следните критериуми:
- обем на тргување (количина на истргувани хартии од вредност по просечна цена во периодот за кој се врши ревизија);
- длабочина на пазар (количина на хартии од вредност на куповна и продажна страна во периодот за кој се врши ревизија);
- да изврши измена на член 50 став 2 од Правилата за тргување, при што ќе се предвиди дека не е дозволено извршување на вкрстени трансакции во кои би се реализирал налог од клиент од едната страна со налог на членката како принципал или со налог на вработен во членката од другата страна;
- да додаде нов став 3 во член 50 од Правилата за тргување со кој ќе се регулира дека членката на Берзата може да изврши вкрстена трансакција во БЕСТ системот единствено доколку претходно го внесе (изложи) во БЕСТ системот налогот за купување/продавање од потенцијалната вкрстена трансакција во период од најмалку две минути сметајќи од времето на внес на наведениот налог во БЕСТ системот;
- да се промени насловот на глава 7 и член 59 од Правилата за тргување и да гласи "Утврдување и порамнување";
- да се додаде нов став на почетокот на член 59 од Правилата за тргување, кој ќе гласи "Утврдувањето и известувањето за склучените трансакции со хартии од вредност на Берзата го врши Берзата";
- да се додаде нов став 7 во член 59 од Правилата за тргување, кој ќе гласи "Трговските трансакции се сметаат за конечни по порамнување на истите во овластен Депозитар";
- да се изврши соодветно преформулирање на став 1 и останатите ставови од член 60 на Правилата за тргување, во согласност со додадениот став 7 во член 59;
- да се преформулира став 1 од член 62 од Правилата за тргување и да гласи "Официјализација на денот на тргување значи објавување на сите склучени трансакции, како и евентуално објавување на други трансакции дефинирани во член 51 од Правилата за тргување";
- да се додаде нова реченица на почетокот на став 2 од член 62 од Правилата за тргување, која ќе гласи "Официјализацијата на денот на тргување се врши по утврдувањето на трговските трансакции од трговскиот ден".

3. СЕ ЗАДОЛЖУВА Македонска берза АД Скопје, по постапувањето од точка 2 од Решението, да достави до Комисијата за хартии од вредност, пречистен текст на Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје.

4. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување и истото ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. УП1 08-5 Комисија за хартии од вредност
7 декември 2009 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева Кавракова,** с.р.

---

**3251.**

Врз основа на член 9 и член 16 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2005, бр.25/2007 и бр.07/2008година), постапувајќи по Барањето на Земјоделски комбинат Пелагонија АД Битола за давање одобрение за продажба на сопствени акции по пат на јавна понуда од 10.07.2009 година, Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на ден 07.12.2009 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ПРОДАЖБА НА СОПСТВЕНИ АКЦИИ ПО ПАТ НА ЈАВНА ПОНУДА

1. На Земјоделскиот комбинат Пелагонија АД Битола се дава одобрение за продажба на сопствени акции по пат на јавна понуда - продажба на 18.000 обични акции во износ од 920.325,384 евра, односно 44.460.000 денари.

2. Продавачот на хартии од вредност од точка 1 на ова Решение е должен да ги изврши сите обврски од хартиите од вредност во рокот и на начинот предвиден со Законот и Одлуката бр.02-933/3 од 30.01.2009 година за продажба (отуѓување) на сопствени акции од основачка емисија, донесена од Собранието на акционери на Земјоделскиот комбинат Пелагонија АД Битола.

3. Издавачот на хартии од вредност од точка 1 на ова Решение е должен веднаш, но не подоцна од три работни дена, по истекот на рокот за реализација на јавната понуда, да ги пријави за упис во депозитарот на хартии од вредност промените на сопственоста на акциите настанати како резултат на реализацијата на јавната понуда на сопствени акции.

4. Издавачот на хартии од вредност од точка 1 на ова Решение е должен во рок од пет работни дена од регистрацијата на промените во акционерската книга која се води во депозитарот за хартии од вредност до Комисијата за хартии од вредност да достави доказ дека е извршен упис на промените.

5. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

6. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-2025/9 Комисија за хартии од вредност
7 декември 2009 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева Кавракова,** с.р.

**3252.**

Врз основа на член 88 став 1 точка в) и став 2 и член 184 точка л) од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" број 95/05, 25/07 и 7/08), Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на 07-12-2009 година, постапувајќи по Барањето број 08-2192/1 од 06.10.2009 година на Македонска берза АД Скопје за добивање согласност на Одлуката за измени и дополнувања на Тарифникот за висина на надоместоците на Македонска берза АД, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката број 02-2171/1 од 01.10.2009 година за измени и дополнувања на Тарифникот за висината на надоместоците на Македонската Берза АД Скопје број 02-2359/3 од 11.09.2008 година, освен за надоместокот во табелата во точка 1 „Надоместоци од котација за хартии од вредност" надоместокот „Годишен надоместок за котација на акции".

2. СЕ НАЛОЖУВА на Македонската Берза АД Скопје во рок од 7 календарски дена од денот на приемот на ова Решение во Тарифникот за висината на надоместоците на Македонската Берза АД да ја изврши следната измена:

- во точка 1 „Надоместоци за котација на хартии од вредност", надоместокот „Годишен надоместок за котација на акции" од 50.000 денари да го промени и истиот да не изнесува повеќе од 75.000 денари;

3. Се задолжува Македонска берза АД Скопје по постапувањето по точка 2 од ова решение да достави до Комисијата за хартии од вредност пречистен текст на Тарифникот за висина на надоместоците на Македонска берза АД Скопје.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на приемот од Македонска берза АД Скопје и истото ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-2705/5 Комисија за хартии од вредност
7 декември 2009 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева Кавракова,** с.р.

---

**3253.**

Врз основа на член 190 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија", бр. 95/05,25/2007 и 7/2008) и врз основа на член 118 став 3 од Законот за инвестициски фондови („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/2009) Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на ден 07-12-2009 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА, НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА УДЕЛИ ВО ОТВОРЕНИОТ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНД И ОБЈАВУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ ОД РЕГИСТАРОТ НА УДЕЛИ

Член 1

Со Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на удели во отворениот инвестициски фонд и објавување на податоците од Регистарот на удели (во понатамошниот текст: Правилник) се уредува формата, содржината и начинот на водење на регистарот на удели во отворениот инвестициски фонд и објавување на податоците од Регистарот на удели.

Член 2

(1) Друштвото за управување со инвестициски фондови е одговорно за водење на Регистарот на удели.

(2) За секој отворен инвестициски фонд Друштвото за управување со инвестициски фондови води поооделен Регистар на удели.

Член 3

Основни податоци кои се однесуваат на отворениот инвестициски фонд, а се содржани во Регистарот на удели се:

- идентификацискиот број на отворениот инвестициски фонд;
- полн назив на отворениот инвестициски фонд;
- скратен назив на отворениот инвестициски фонд;
- назив на отворениот инвестициски фонд со кој ќе настапува во странство;
- датум и број на Решението за давање одобрение за основање на отворен инвестициски фонд издадено од Комисијата и
- минимален износ на парични средства кои треба да ги прибере отворениот инвестициски фонд.

Член 4

(1) Друштвото за управување со инвестициски фондови на секој имател на удели му доделува идентификациски број по хронолошки редослед на издавањето на првата потврда за купување на удел.

(2) Идентификацискиот број се состои од три дела:

- Идентификациски број на отворениот инвестициски фонд;
- Датум на уписот на имателот на уделот кој мора да има 6 (шест) ознаки од бројки напишани во целина, а кои го означуваат денот (две бројки на пр.01.....11,....-21,.....31.), месецот (две бројки на пр.01.....12) и годината (последните две бројки) на стекнување на уделот;
- Реден број кој може да се состои од две до осум ознаки кој индивидуално го формира фондот.

(3) Покрај идентификацискиот број на имателот на уделот во Регистарот на удели се запишува:

- За правно лице: фирма, седиште и матичен број на субјектот (МБС);
- За физичко лице: име и презиме, датум на раѓање и живеалиште.

(4) Уписот на податоците во Регистарот на удели се врши после извршена уплата и издадена потврда за купување на удел.

(5) Со секое запишување во Регистарот на удели се запишува и датумот и времето на запишувањето.

(6) Секоја промена на запишаните податоци во Регистарот на удели се означува на начин што за податокот што се менува се запишува и датумот на престанокот на важење и датумот на почетокот на важењето на податокот и неговата содржина.

(7) По запишувањето на податоците во Регистарот на удели се издава и потврда која служи како доказ за извршеното запишување.

Член 5

Еднаш доделениот идентификациски број на имателот на уделот нема да се менува, ниту да се доделува на нов имател на удел по престанок на претходниот имател на удел. Идентификацискиот број кој се доделува на имателот на уделот е таен, единствен, непроменлив и неповторлив.

Член 6

Идентификацискиот број на имателот на уделот му служи за секојдневен увид во состојбата и продажбата на неговите сопствени удели издадени од отворениот инвестициски фонд.

Член 7

Друштвото за управување со инвестициски фондови со податоците регулирани со овој Правилник постапува согласно Законот за заштита на личните податоци.

Член 8

Друштвото за управување со инвестициски фондови мора да обезбеди достапност на податоците содржани во Регистарот на удели на начин што истовремено ќе го идентификува корисникот и ќе ја заштити тајноста на податоците.

Член 9

(1) Друштвото за управување со инвестициски фондови ги објавува само оние податоци содржани во Регистарот на удели кои се задолжителни за објавување согласно Законот за инвестициски фондови.

(2) Друштвото за управување со инвестициски фондови може да објавува податоци од Регистарот на удели кои се однесуваат на вкупниот имот на фондот и вкупниот број на иматели на удели во фондот.

Член 10

Друштвото за управување со инвестициски фондови е должно во рок од 90 дена од влегување во сила на овој Правилник да воспостави Регистар на удели согласно овој Правилник за секој фонд поодделно.

Член 11

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 01-2396/2 Комисија за хартии од вредност
7 декември 2009 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева-Кавракова**, с.р.

---

**3254.**

Врз основа на член 190 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/05, 25/2007 и 7/2008) и врз основа на член 39 став 9 од Законот за инвестициски фондови („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2009), Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на ден 07.12.2009 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ДОБИВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗБОР НА ДЕПОЗИТАРНА БАНКА

Член 1

Со Правилникот за формата и содржината на барањето за добивање на одобрение за избор на депозитарна банка (во понатамошниот текст: Правилник) се уредува формата и содржината на барањето за добивање на одобрение за избор или промена на депозитарна банка (во натамошниот текст: Барање).

Член 2

(1) Барањето е писмен документ од друштвото за управување со инвестициски фондови со кој се бара од Комисијата за хартии од вредност (во натамошниот текст: Комисија) да го одобри изборот или промената на депозитарната банка.

(2) Барањето задолжително содржи и изјава од лицето/лицата кое/кои го застапува/ат друштвото за управување со инвестициски фондови дадена под целосна морална, материјална и кривична одговорност, дека изборот или промената на депозитарната банка е направен во согласност со закон, а податоците наведени во барањето се веродостојни, потполни и точни.

Член 3

(1) Барањето ги содржи податоците пропишани со образецот Б-ОИПДБ „Барање за одобрување на избор или промена на депозитарна банка” кој е составен дел на овој Правилник.

(2) Образецот треба да е испишан електронски, уредно, читливо, без корекции, да е потврден со печат на друштвото за управување со инвестициски фондови и потпис на лицето/лицата што го застапува/ат друштвото. Образецот задолжително ги содржи сите пропишани податоци.

(3) Во прилог кон образецот, до Комисијата друштвото за управување со инвестициски фондови ја доставува и документацијата пропишана со член 39 став (4) од Законот за инвестициски фондови и доказ за платен надомест за разгледување и одлучување по барањето за одобрување на избор или промена на депозитарна банка согласно Тарифникот за содржината и висината на одделни надоместоци што ги наплатува Комисијата.

(4) Во прилог кон образецот, до Комисијата друштвото за управување со инвестициски фондови доставува и позитивно мислење од извршена ревизија на финансиските извештаи според Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) на депозитарната банка во последните три години и доказ дека депозитарната банка има посебна организациона единица која е соодветно технички оспособена за вршење на работи на депозитарна банка.

Член 4

(1) Под соодветна техничка оспособеност на банка за вршење на работи на депозитарна банка се подразбира поседување на:

- соодветна компјутерска опрема;
- софтверска подршка за извршување на работи на депозитарна банка;
- воспоставени комуникациски врски: свифт, телефакс, телефон, и интернет и
- пишани правила и процедури за вршењето на работи на депозитарната банка.

(2) Доколку има потреба Комисијата може пред одлучување по поднесено барање да изврши непосредна контрола на техничката оспособеност на депозитарната банка.

Член 5

(1) Комисијата пристапува кон одлучување по Барањето, откако подносителот до Комисијата ќе поднесе комплетно барање заедно со целокупната документација која се поднесува кон Барањето пропишана со Законот за инвестициски фондови и правилниците кои произлегуваат од него.

(2) Во случај на поднесување на непотполно, неуредно или барање со формално правни недостатоци, Комисијата ќе му одреди на подносителот рок во кој е потребно да ја дополни документацијата, при што ќе го предупреди за последиците од непостапувањето. Доколку подносителот не ја дополни документацијата и не ги отстрани недостатоците на Барањето во рокот ќе се смета дека подносителот се откажал од Барањето, а Комисијата ќе донесе заклучок со кој ќе ја запре постапката поведена по истото.

Член 6

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Број 01-2397/1 Комисија за хартии од вредност
07 декември 2009 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева-Кавракова**, с.р.

**ОБРАЗЕЦ: Б-ОИПДБ**

## Барање за одобрување на избор или промена на депозитарна банка

*Напомена: Барањето се пополнува исклучиво на сметачка машина, и се испишува со печатни кирилични букви, уредно и читливо, без какви било корекции на истото. ДУИФ е должно да ги обезбеди сите податоци што се пропишани со овој образец односно овој образец треба да е пополнет во целост. Во спротивно барањето нема да се разгледува.*

Врз основа на член 39 став 3 од Законот за инвестициски фондови, Друштвото за управување со инвестициски фондови ___________________________________

(назив на ДУИФ)

поднесува Барање за одобрение за **изборот или промената** ( се заокружува) на депозитарна банка _____________________________.

(назив на банката)

**1.** **Основни податоци за депозитарната банка**

**1.1.** назив и седиште;

**1.2.** датум на основање:

**1.3.** број на дозволата или друг акт на надлежен орган за основање и работа,

**1.4.** број на решението за упис во трговскиот регистар:

(бројот на решението за упис на издавачот во судскиот односно трговскиот регистар и бројот на решението за упис во трговскиот регистар со кое издавачот е усогласен со соодветниот закон врз основа на кој е основан и работи)

**1.5.** висина на основната главнина:

**1.6.** име и презиме на лицето кое ја застапува:

**1.7.** име и презиме на лицето одговорно на организационата единица која ги извршува работите на депозитарната банка:

**1.8.** податоци за овластениот ревизор кој вршел ревизија на финансиските извештаи на депозитарната банка во последните три години:

**1.9.** овластено лице на ДУИФ и депозитарната банка за контакт со Комисијата

име и презиме______________________
ЕМБГ ___________________________
адреса на живеење _________________
телефонски број ___________________
e-mail _____________________________

**2.** **Посебни податоци за депозитарната банка**

**2.1** Датум на склучување на депозитарниот договор;

**2.2.** Рок на важност на депозитарниот договор;

**2.3.** Видови активности опфатени со депозитарниот договор;

**2.4.** Податоци за членовите на управниот одбор на депозитарната банка

**3. Податоци за претходната депозитарна банка** (се пополнува само во случај на избор на нова депозитарна банка)

**3.1.** Датум на склучување на депозитарниот договор;

**3.2.** Рок на важност на депозитарниот договор;

**3.3.** Видови активности опфатени со депозитарниот договор;

**3.4.** Причини за избор на нова депозитарна банка (истек на договорот, неисполнување на договорни обврски, настаната штета, неправилности во работењето или други причини).

**Прилог:**

Список на поднесена документација:

1. ________________________
2. ________________________
3. ________________________
4. ________________________

_______________________________

_______________________________

_______________________________

_______________________________

(назив на ДУИФ, име, презиме, фукнкцијата што ја извршува и потпис на лицето одговорно да го застапува ДУИФ)

**Датум (ден, месец, година)** **Потпис и печат на ДУИФ**

**3255.**

Врз основа на член 190 став 1 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ број 95/2005, 25/2007 и 07/2008), а во врска со член 66 став 2 и член 68 став 3 од Законот за инвестициски фондови („Службен весник на РМ“ број 12/2009), Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на ден 07.12.2009 година донесе

## П Р А В И Л Н И К ЗА ДОЗВОЛЕНИ ВЛОЖУВАЊА, ОГРАНИЧУВАЊА НА ВЛОЖУВАЊАТА И ПРЕЧЕКОРУВАЊЕ НА ОГРАНИЧУВАЊАТА ЗА ВЛОЖУВАЊЕ НА ИМОТОТ НА ОТВОРЕН ФОНД

Член 1

Со правилникот за дозволени вложувања, ограничувања на вложувањата и пречекорување на ограничувањата за вложување на имотот на отворен фонд (во понатамошниот текст: Правилник) поблиску се пропишуваат критериумите за дозволени вложувања на имотот на отворениот фонд, како и пречекорувањата на ограничувањата за вложување на имотот на отворениот фонд (во понатамошниот текст: фонд).

Член 2

Дозволените вложувања на имотот на фондот во преносливи хартии од вредност и инструменти на пазарот на пари се реализираат согласно член 66 од Законот за инвестициски фондови (во понатамошниот текст: Закон).

Член 3

(1) Вложувањата на имотот на фондот во хартии од вредност со кои не се тргува на регулирани пазари на хартии од вредност, дозволено е исклучиво ако истото е предвидено со статутот и проспектот на фондот, а е во согласност со ограничувањето утврдено во член 67 став 1 точка 1 од законот.

(2) Хартиите од вредност кои не се вклучени во службена котација на берза или на друг регулиран пазар, а кои фондот ги стекнал со вложување на имотот на фондот, задолжително мора во рок од 12 месеци од денот на стекнувањето да бидат вклучени во службена котација на берза или на друг регулиран пазар.

(3) Обврската од став 2 на овој член не се однесува на трезорски и благајнички записи издадени од Република Македонија, Народна Банка на Република Македонија, држава членка на ЕУ, држава членка на ОЕЦД, државите кои не се членки на ЕУ и нивните централни банки.

(4) Ако хартиите од вредност кои не се вклучени во службена котација на берза или на друг регулиран пазар не го исполнат условот од став 2 на овој член, вложувањето на имотот на инвестицискиот фондот во истите не смее да биде повеќе од 2% од нето вредноста на имотот на фондот.

(5) Во случај на пречекорување на ограничувањата од став 4 на овој член, друштвото за управување со инвестицискиот фонд е должно да ја усогласи структурата на вложување на имотот на инвестицискиот фонд во рок од 3 месеци од настанувањето на пречекорувањето на ограничувањето.

Член 4

(1) Друштвото за управување со инвестициски фондови може во име на фондот да склучува репо договори дефинирани согласно член 2 точка 35 од Законот за хартии од вредност. Доспевањето на репо договорите не смее да биде подолго од 12 месеци.

(2) При склучување на репо договорите од став 1 на овој член, како колатерал се користат акции, корпоративни должнички хартии од вредност и должнички хартии од вредност чиј издавач е Република Македонија, Народна Банка на Република Македонија, држава членка на ЕУ, држава членка на ОЕЦД, и/или централните банки на истите, а со кои се тргува на регулирани пазари на хартии од вредност.

(3) Репо договорите за продажба и повторно купување не смеат да надминат повеќе од 20% од нето вредноста на имотот на фондот. Учеството на вложувањето на нето имотот на фондот во репо договорите се одредува во точно утврдена парична противвредност на хартиите од вредност кои се предмет на повторно купување.

(4) Склучување на репо договори помеѓу фондови со кои управува исто друштво за управување не е дозволено.

Член 5

(1) За дозволено вложување на имотот на инвестицискиот фонд се смета и вложувањето во сертификати за депозит од странски издавачи-банки со седиште во државите членки на ЕУ или земјите на ОЕЦД.

(2) Вложувањата во сертификати за депозит издадени од иста банка и вложувањата во депозити во истата банка вкупно не смеат да надминат 20% од нето вредноста на имотот на инвестицискиот фонд.

Член 6

(1) Друштвото за управување со инвестициски фондови не смее да купува хартии од вредност за сметка на отворениот фонд во основачки и наредни емисии на хартии од вредност по пат на приватна понуда, ако издавачот на приватна понуда е лице поврзано со друштвото за управување со инвестициски фондови дефинирани како во член 2 точка 30 од Законот за хартии од вредност.

(2) Ограничувањата од став 1 на овој член не се однесуваат на должнички хартии од вредност чиј издавач е Република Македонија, Народна Банка на Република Македонија, држава членка на ЕУ, држава членка на ОЕЦД, државите кои не се членки на ЕУ, како и централните банки на истите.

(3) Друштвото за управување со инвестициски фондови може да врши вложувања на имотот на инвестицискиот фонд во хартии од вредност од ставот 1 од овој член по истекот на 12 месеци од датумот на нивното издавање.

Член 7

(1) Друштвото за управување со инвестициски фондови е должно јавно да ги обелодени на својата веб страница основните податоци за фондовите со кои управува, како и основни податоци за структурата на вложувањата на имотот на секој инвестициски фонд со кој управува, и тоа квартално, а најдоцна во рок од 10 дена по истекот на кварталот за кој се однесуваат податоците.

(2) Друштвото за управување со фондови ги објавува најмалку следниве основни податоци за секој инвестициски фонд со кој управува:

- име на отворениот фонд;
- датум на основање на фондот;
- валута на која гласат уделите;
- целите на инвестицикиот фонд;
- надомест за влез и излез од фондот;
- надомест за управување со фондот;
- надомест за депозитната банка;
- минимален износ на вложување во фондот;
- нето вредност на имотот на фондот на денот на истекот на кварталот;

- нето вредност на имотот на фондот по удел (цена на уделот) на денот на истекот на кварталот;
- остварен принос во последната година;
- просечен годишен принос од почетокот на постоење на фондот (аритметичка средна големина од остварените годишни стапки на принос);
- графички приказ на цената на уделот од основањето на фондот.

(3) Друштвото за управување со инвестициски фондови ги објавува најмалку следниве податоци за структурата на вложувањата на имотот на секој фонд со кој управува:
- десетте најголеми позиции на вложувања со наведување на % на учество на позицијата во нето вредноста на имотот на фондот;
- изложеност на имотот на фондот по видови хартии од вредност;
- изложеност на имотот на фондот по држави, сојуз на држави или региони;
- изложеност на имотот на фондот по валути;
- изложеност на имотот на фондот по стопански/индустриски сектори.

(4) Друштвото за управување со инвестициски фондови објавува и податоци за надоместоците на членовите на органите на управување, како и податоци за начинот на гласање на годишните собранија на акционерските друштва во кои фондовите со кои друштвото управува вложиле дел од својот имот.

(5) Податоците од став 4 на овој член друштвото за управување со инвестициски фондови ги објавува во следниве рокови:
- најдоцна до 30 април во тековната година за сите видови на надоместоци на членовите на органите на управување примени во претходната година;
- најдоцна во рок од 10 дена од денот на именување на членовите на органите на управување на друштвото за управување со фондови во надзорни одбори на други акционерски друштва во Република Македонија, со посебно нагласување доколку фондовите со кои управува друштвото имаат вложувања во акции издадени од тие акционерски друштва;
- најдоцна 15 пред одржување на годишните акционерски собранија, известување за тоа како друштвото за управување со инвестициски фондови ќе гласа на годишните собранија на акционерските друштва во кои фондовите со кои друштвото управува вложиле дел од својот имот.

Член 8

Друштвото за управување со инвестициски фондови е должно со статутот и проспектот на фондовите со кои управува да ги предвиди целите и стратегијата на вложување (инвестициска политика) во согласност со одредбите од овој правилник.

Член 9

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Број 01-2574/3 Комисија за хартии од вредност
7 декември 2009 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева-Кавракова**, с.р.

---

**3256.**

Врз основа на член 190 став 1 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ бр. 95/205, 25/2007 и 07/2008), а во врска со член 18 став 5 од Законот за инвестициски фондови („Службен весник на РМ“ бр.12/2009), Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на ден 07-12-2009 година донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА КОЈА СЕ ПРИЛОЖУВА КАКО ДОКАЗ ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР ОДНОСНО ИЗВРШНИ ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ

Член 1

Со Правилникот за потребна документација која се приложува како доказ за исполнување на условите за именување на членови на управниот одбор односно извршни членови на одборот на директори на друштво за управување со инвестициски фондови (во натамошниот текст: Правилник) се утврдува документацијата која задолжително се приложува како доказ на условите за именување на членови на управниот одбор односно извршни членови на одборот на директори.

Член 2

(1) Член на управен одбор односно извршен член на одборот на директори на друштво за управување со инвестициски фондови може да биде именувано лице кое има добиено согласност од Комисијата за хартии од вредност (во натамошниот текст: Комисија) за вршување на функцијата.

(2) Со барањето за давање на согласност за член на управен одбор односно извршен член на одборот на директори на друштво за управување со инвестициски фондови, се поднесува и документација со која кандидатот го докажува исполнувањето на условите да биде именуван на функцијата.

Член 3

(1) Член на управен одбор односно извршен член на одборот на директори на друштво за управување со инвестициски фондови може да биде лице кое ги исполнува следниве услови:
1. Завршено високо образование;
2. Потребна стручна квалификација, способност и искуство за водење на работите на друштвото за управување со инвестициски фондови;
3. Вработен во друштвото во постојан работен однос;
4. Ги исполнува условите предвидени во член 18 од Законот за инвестициски фондови;

(2) Под стручна квалификација и искуство се подразбира најмалку тригодишно работно искуство при извршување на работи од областа на финансиите или деловното право, како и управување со средства.

Член 4

(1) Кон барањето за давање на согласност за член на управен одбор односно извршен член на одборот на директори на друштво за управување со инвестициски фондови се поднесува следнава документација:
1. Биографија (CV) на лицето именувано за функцијата член на управен одбор односно извршен член на одборот на директори на друштво за управување со инвестициски фондови;
2. Одлука за именување на лицето за член на управен одбор односно извршен член на одборот на директори која ќе стапи во сила по добивањето на согласност од Комисијата;
3. Копија од лична карта, односно нотарски заверен превод од пасош за странско физичко лице;
4. Уверение за завршено високо образование, односно нотарски заверен превод на уверение за завршено високо образование за странско физичко лице;

5. Доказ за поседување на најмалку тригодишно работно искуство при извршување на работи од областа на финансиите или деловното право, како и управување со средства;

6. Копија на работната книшка, односно нотарски заверен превод на соодветна исправа со која се докажува работниот стаж кај досегашните работодавачи за странски физички лица;

7. Потврда за престој и дозвола за работа во Република Македонија за странско физичко лице;

8. Потврда од надлежен суд дека против именуваното лице нема изречена забрана за вршење на професија, дејност или должност;

9. Во случај сите кандидати да се странски физички лица, најмалку еден кандидат должен е да достави потврда од надлежна институција за познавање на македонскиот јазик и кирилското писмо;

10. Пополнет Прашалник за член на управен одбор односно извршен член на одборот на директори на друштво за управување со инвестициски фондови (Образец 1);

(2) Наведените докази од став 1 на овој член, не смеат да бидат постари од три месеци, освен доказот од точка 3 и 4 на овој член.

(3) Потврдите издадени од надлежен орган во странство или изјавите мора да бидат преведени и нотарски заверени. Доставената документација не се враќа по завршувањето на постапката пред Комисијата.

Член 5

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.01-3271/1 Комисија за хартии од вредност
7 декември 2009 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева Кавракова**, с.р

**Прилог: Образец 1**

Прашалник за член на управен одбор односно извршен член на одборот на директори на друштво за управување со инвестициски фондови

1. Лични податоци
1.1. Име и презиме
1.2. Домашна адреса
1.3. Адреса во РМ (доколку станува збор за странско лице со престој во РМ)
1.4. Датум и место на раѓање
1.5. Државјанство
1.6.Број на лична карта или број на пасош (за странски физички лица)
1.7. ЕМБГ
1.8. Телефон и адреса на електронска пошта

2. Податоци за друштвото за управување со инвестициски фондови во кое сте кандидирани за член на управен одбор односно извршен член на одборот на директори
2.1. Назив на друштвото
2.2. Адреса

3. Дали имате сопственички удел или било какви други финансиски односи (кредити или сл.) со основачот или сопственикот на друштвото за управување со инвестициски фондови?
ДА
НЕ
Ако одговорот е ДА, наведете детали

4. Дали сте член на орган на управување, надзорен одбор или прокурист, односно дали на друг начин учествувате во креирањето и спроведувањето на деловни политики во друго трговско друштво или установа?
ДА
НЕ
Ако одговорот е ДА, наведете детали
Назив на трговското друштво или установа
Адреса
Функција која ја извршувате

5. Дали сте сопственик, сосопственик или имате било каков друг финансиски интерес во друго друштво за управување со инвестициски фондови или во било кое друго трговско друштво?
ДА
НЕ
Ако одговорот е ДА, наведете детали
Назив на друштвото
Адреса
Облик на поврзаност

6. Дали друштвата за управување со инвестициски фондови, други трговски друштва или финансиски институции во кои сте извршувале раководни функции( како член на управен одбор, извршен член на одборот на директори, член на надзорен одбор, прокурист или на друг начин сте учествувале во креирањето и спроведувањето на деловни политики) имале финансиски потешкотии кои ги довеле тие трговски друштва или финансиски институции до поведување на постапка на стечај или ликвидација?
ДА
НЕ
Ако одговорот е ДА, наведете детали
Назив на друштвото
Адреса
Функција која сте ја извршувале

7. Дали сте биле член на управен одбор, извршен член на одборот на директори или прокурист на друштвото за управување со инвестициски фондови, односно друго трговско друштво над кое е покрената постапка за стечај односно е одземена дозволата за работа?
ДА
НЕ
Ако одговорот е ДА, наведете детали
Назив на друштвото
Адреса
Функција која сте ја извршувале

8. Дали во друштвото за управување со инвестициски фондови или финансиски институции во кои сте извршувале раководни функции( како член на управен одбор, извршен член на одборот на директори, член на надзорен одбор, прокурист или на друг начин сте учествувале во креирањето и спроведувањето на деловни политики) надлежните државни органи утврдиле поголема неправилност во работењето или потешка повреда на законите кои го регулираат работењето на друштвата за управување со инвестициските фондови, другите финансиски институции или Законот за трговските друштва?
ДА
НЕ
Ако одговорот е ДА, наведете детали
Назив на друштвото
Адреса
Функција која сте ја извршувале
Надлежен државен орган
Изречена мерка

9. Дали на друштвото за управување со инвестициски фондови или финансиски институции во кои сте извршувале раководни функции( како член на управен одбор, извршен член на одборот на директори, член на надзорен одбор, прокурист или на друг начин сте учествувале во креирањето и спроведувањето на деловни политики) му била одземена дозволата за работа од страна на надлежен државен орган овластен за надзор над работењето?

ДА
НЕ
Ако одговорот е ДА, наведете детали
Назив на друштвото
Адреса
Функција која сте ја извршувале
Надлежен државен орган

10. Дали против Вас е донесена судска одлука кој станала правосилна за следниве казниви дела:

- предизвикување на стечај;
- повреда на одредбите за водење на деловните книги;
- злоупотреба во постапка на присилна наплата или стечај;
- оштетување на доверители;
- неовластено откривање или прибавување на деловна тајна или измама согласно Кривичниот Закон на РМ, односно законот на државата на која сте државјанин односно дали Ви е изречена мерка на безбедност забрана на вршење на професија, дејност или должност која е делумно или целосно поврзана со предметот на работа на друштвото за управување со инвестициски фондови?

ДА
НЕ
Доколку одговорот на било кое од претходните прашања е „ДА“, Ве молиме детално да објасните.

11. Дали од страна на надлежните државни органи задолжени за супервизија на друштвата за управување со инвестициски фондови или други финансиски институции е оценувана Вашата стручност и чесност, односно дали некој од тие надлежни државни органи не Ви дало или Ви ја одзело согласноста за извршување на раководни функции?

ДА
НЕ
Ако одговорот е ДА, наведете детали
Надлежен државен орган
Одлука

12. Сметате ли дека постојат други факти или околности кои би можеле да бидат важни при оценката на вашата способност за станување на член на управен одбор или извршен член на одборот на директори (судир на интереси, финансиски потешкотии и сл.)

ДА
НЕ
Ако одговорот е ДА, наведете кои

Јас_______________________________________
(Име и презиме)

Изјавувам под целосна морална, материјална и кривична одговорност, дека информациите содржани во овој Прашалник, како и целата документација која ја доставувам во рамките на барањето за издавање на согласност за член на управен одбор или извршен член на одборот на директори на друштвото за управување со инвестициски фондови _______________(назив на друштвото), се точни и не содржат фалсификувани податоци и документи.

Свесен/свесна сум за критериумите пропишани во Законот за инвестициски фондови кои треба да ги исполнам за да станам член на управен одбор или извршен член на одборот на директори на друштвото за управување со инвестициски фондови.

Изјавувам дека ќе обезбедам почитување на супервизорските стандарди и на мерките преземени од Комисијата за хартии од вредност и ќе ги доставам сите податоци и информации побарани од Комисијата за хартии од вредност за вршење на ефикасна супервизија, со што ќе обезбедам сигурно и стабилно работење на друштвото за управување со инвестициски фондови.

Напомена: Податоците дадени во Прашалникот се строго доверливи и ќе бидат употребени само од Комисијата за хартии од вредност за потребите на постапката за давање на согласност за член на управен одбор или извршен член на одборот на директори на друштвото за управување со инвестициски фондови.

Место и датум Потпис на физичкото лице
_____________ _________________________

__________

**3257.**

Врз основа на член 190 став 2 и член 193 став 3 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ број 95/05, 25/07 и 7/08), Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на 07-12-2009 година донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ВРШЕЊЕ КОНТРОЛА НА ОВЛАСТЕНИТЕ УЧЕСНИЦИ НА ПАЗАРОТ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ („СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ“ БР.6/2007)

Член 1

Во член 22 став 4 од Правилникот за начинот и постапката за вршење контрола на овластените учесници на пазарот на хартии од вредност зборовите „доставување на одговор на“ се менуваат и гласат „одлучувањето по“.

Член 2

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 03-3267/1 Комисија за хартии од вредност
7 декември 2009 година Претседател
Скопје **Марина Наќева-Кавракова,** с.р.

__________

## АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

**3258.**

Врз основа на член 152 став 1 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ“ бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА СТАПУВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА ВОСТАНОВЕН КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Стапува во примена востановениот катастар на недвижности за катастарската општина Тетово 2 - Општина Тетово.

Катастарот на недвижности ќе се применува од 15-тиот ден од денот на објавувањето на ова решение во "Службен весник на Република Македонија".

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиште за КО Тетово 2, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ“ бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-19976/1
21 декември 2009 година
Скопје

Директор,
**Љупчо Георгиевски,** с.р.

---

**3259.**

Врз основа на член 152 став 1 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ“ бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА СТАПУВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА ВОСТАНОВЕН КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

Стапува во примена востановениот катастар на недвижности за катастарската општина Лакавица - Општина Гостивар.

Катастарот на недвижности ќе се применува од 5-тиот ден од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија“.

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиште за КО Лакавица, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ“ бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-19977/1
21 декември 2009 година
Скопје

Директор,
**Љупчо Георгиевски,** с.р.

---

**3260.**

Врз основа на член 152 став 1 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ“ бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА СТАПУВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА ВОСТАНОВЕН КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

Стапува во примена востановениот катастар на недвижности за дел од катастарската општина Шипковица - Општина Тетово.

Катастарот на недвижности ќе се применува од 7-от ден од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија“.

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиште за дел од КО Шипковица, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ“ бр.34/72 и 13/78).

Бр. 09-19978/1
21 декември 2009 година
Скопје

Директор,
**Љупчо Георгиевски,** с.р.

---

**3261.**

Врз основа на член 152 став 1 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ“ бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА СТАПУВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА ВОСТАНОВЕН КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

Стапува во примена востановениот катастар на недвижности за катастарската општина Дреново - Општина Чашка.

Катастарот на недвижности ќе се применува од 7-от ден од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија“.

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиште за КО Дреново, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ“ бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-19979/1
21 декември 2009 година
Скопје

Директор,
**Љупчо Георгиевски,** с.р.

---

**3262.**

Врз основа на член 160 став 3 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ“ бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА КОНВЕРЗИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД КАТАСТАР НА ЗЕМЈИШТЕ ВО КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

Се врши конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности за катастарската општина Вевчани - Општина Вевчани.

Катастарот на недвижностите ќе се применува од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија“.

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето за КО Вевчани, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ“ бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-19980/1
21 декември 2009 година
Скопје

Директор,
**Љупчо Георгиевски,** с.р.

---

**3263.**

Врз основа на член 152 став 1 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ“ бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА СТАПУВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА ВОСТАНОВЕН КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

Стапува во примена востановениот катастар на недвижности за дел од катастарската општина Вратница - Општина Јегуновце.

Катастарот на недвижности ќе се применува од 8-от ден од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија“.

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиште за дел од КО Вратница, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ“ бр.34/72 и 13/78).

Бр. 09-19981/1
21 декември 2009 година
Скопје

Директор,
**Љупчо Георгиевски,** с.р.

**3264.**

Врз основа на член 152 став 1 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ“ бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА СТАПУВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА ВОСТАНОВЕН КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Стапува во примена востановениот катастар на недвижности за дел од катастарската општина Ораовица - Општина Радовиш.

Катастарот на недвижности ќе се применува од 8-от ден од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија“.

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиште за дел од КО Ораовица, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ“ бр.34/72 и 13/78).

Бр. 09-19982/1
21 декември 2009 година
Скопје

Директор,
**Љупчо Георгиевски,** с.р.

**3265.**

Врз основа на член 137 од Законот за катастар на недвижности (“Службен весник на Република Македонија” бр.40/08), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности, на седницата одржана на 20.11.2009 година, донесе

## ТАРИФНИК
## ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИТЕ

Член 1

Со овој тарифник се пропишува висината на надоместокот за запишување во катастарот на недвижностите.

Член 2

За поединечно запишување на правата на недвижностите, за запишување на незапишани права на недвижности по востановен катастар на недвижности и за запишување на промени во одржување на катастар на недвижности се наплаќа надоместок за:

| Ред. бр. | Предмет на запишување | Единица мерка | Висина на надоместок |
|---|---|---|---|
| 1. | Катастарска парцела (запишување на празна катастарска парцела, или кога се бара запишување само на катастарска парцела) | една КП | 350 ден. |
| 2. | Семејна станбена куќа со подрум и гаража кога се наоѓаат во ист објект или помошен објект (гаража, плевна, шупа и др.) кога се наоѓа надвор од семејната станбена куќа со внесување на габаритот на објектот/промена на начин на користење | една недвижност | 500 ден. |
| 3. | Стан со/без подрум или деловна просторија во колективна зграда (кога зградата не е запишана како целина, ниту се бара нејзино запишување како целина), или подрум во колективна зграда, односно гаража (кога не се бара запишување на стан) | една недвижност (стан со/без подрум, односно подрум/гаража) | 450 ден. |
| 4. | Деловна просторија/резервоар/силос со внесување на габаритот на објектот/промена на начин на користење; | една недвижност | 500 ден. |
| 5. | Колективна станбена или станбено-деловна зграда (кога се бара запишување на зградата во целина) | еден посебен дел од зграда | 350 ден. |
| 6. | Комерцијални, индустриски, деловни, инфраструктурни, административни, спортски и културни објекти (кога се бара запишување на објектот во целина) | една деловна просторија/ за еден кат | 350 ден. |

Член 3

За запишување на промени само во катастарскиот оперaт од катастарот на недвижностите се наплаќа надоместок за:

| Предмет на запишување | Единица мерка | Висина на надоместок |
|---|---|---|
| промена на податоците за правата на недвижностите и на податоците за носителите на правата на недвижностите | по пријава | 250 ден. |

Член 4

За запишување на промени во катастарскиот оперaт и на катастарскиот план од катастарот на недвижностите се наплаќа надоместок за:

| Ред. бр. | Предмет на запишување | Единица мерка | Висина на надоместок |
|---|---|---|---|
| 1. | Физичка делба на катастарска парцела или на зграда, односно на посебен дел од зграда; | една недвижност од предлогот на стара состојба | 500 ден. |
| 2. | Измена на гранични линии (уредување на меѓи на катастарска парцела); | по пријава | 500 ден. |
| 3. | Спојување на катастарски парцели и бришење на срушен објект во КЗ и КН | по пријава | 350 ден. |

Член 5

За запишување на права и факти во катастарот на недвижностите (укнижување и прибележување), како и за запишување на промени во катастарот на недвижностите со бришење се наплаќа надоместок за:

| Ред. бр. | Предмет на запишување | Единица мерка | Висина на надоместок |
|---|---|---|---|
| 1. | Факти кои се од влијание за недвижностите и други факти кои се од значење за стекнување, измена, престанок или пренос на правата на недвижноста чие прибележување е предвидено со друг закон (лична состојба на носителот на правото, фактот дека на одредена катастарска парцела во тек е изведување на градба за што е извршено предбележување на правото на сопственост на зграда и посебен дел од зграда кога е во фаза на градба) | по пријава | 250 ден. |
| 2. | Други стварни права и другите права на недвижностите, под услови и на начин утврдени со закон (право на службеност, право на залог-хипотека, право на реален товар, право на стварноправен долготраен закуп на градежно земјиште, право на лизинг, фидуцијарна хипотека и други права чие запишување е утврдено со закон, правото на залог на предбележаното право на сопственост на зграда и посебен дел од зграда кога е во фаза на градба и правните дела за промет на предбележаното право на сопственост на зграда и посебен дел од зграда кога е во фаза на градба) | една недвижност | 500 ден. |

Член 6

(1) За предбележување на недвижности во катастарот на недвижности се наплаќа надоместок за:

| Ред. бр. | Предмет на запишување | Единица мерка | Висина на надоместок |
|---|---|---|---|
| 1. | Право на сопственост на зграда, посебен дел од зграда и други објекти кога се во фаза на градба | еден посебен дел од зграда | 165 ден. |
| 2. | Право на сопственост на недвижност кога е поднесена пријава за запишување во катастар на недвижности, а не се исполнети правните претпоставки, односно условите за запишување од член 130 од Законот за катастар на недвижности и доколку основот за конечното укнижување не е достатно застапен | по пријава | 165 ден. |

Член 7

За запишување на промена на податоци за хипотеки во интабулационите книги со бришење на интабулација се наплаќа надоместок во висина од 500 ден. за една недвижност.

Член 8

За запишување со кое се врши промена на начинот на користење (катастарска култура) и катастарската класа на земјиштето се наплаќа надоместок во висина од 950 денари за една катастарска парцела.

Член 9

За промена на начин на користење на катастарска парцела (од неизградено во изградено земјиште или обратно) во катастарот на земјиште се наплаќа надоместок во висина од 350 денари по пријава, а за евидентирање на другите промени на податоците во катастарот на земјиште соодветно ќе се применуваат надоместоците од овој тарифник.

Член 10

За запишувања во катастарот на недвижностите за кои со овој тарифник не е утврдена висината на надоместокот, ќе се плаќа паушален надоместок во висина од 250 денари по една недвижност.

Член 11

Со денот на влегување во сила на овој тарифник, престанува да важи Тарифникот за висината на надоместоците за запишување во катастарот на недвижностите по барање на странки ("Службен весник на Република Македонија" бр. 122/07 и 158/07).

Член 12

Овој тарифник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивање на согласност од Владата на Република Македонија.

Бр. 01-18264/1
20 ноември 2009 година
Скопје

Управен одбор
Заменик претседател,
**Димитар Димовски,** с.р.

---

**3266.**

Врз основа на член 38 став (2) од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр.40/08), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности, на седницата одржана на 20.11.2009 година, донесе

## ТАРИФНИК
## ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ И УВИД ВО ПОДАТОЦИТЕ ОД ГЕОДЕТСКО - КАТАСТАРСКИОТ ИНФОРМАЦИОНЕН СИСТЕМ

Член 1

Со овој тарифник се пропишува висината на надоместокот за користење и за увид во податоците од геодетско-катастарскиот информационен систем.

Член 2

За користење на податоците за точките од геодетските референтни мрежи се наплаќа надоместок за:

| Ред. бр. | Вид на податоци | Единица мерка | Висина на надоместок |
|---|---|---|---|
| 1. | координати (X, Y) | една точка | 50 ден. |
| 2. | надморска височина (h) | една точка или еден репер | 25 ден. |
| 3. | координати и надморска височина | една точка | 75 ден. |
| 4. | опис на положба заедно со координати и надморска височина | една точка | 90 ден. |
| 5. | опис на положба заедно со надморска височина | еден репер | 75 ден. |

Член 3

За користење на податоците прибрани со премер се наплаќа надоместок за:

| Ред. бр. | Вид на податоци | Единица мерка | Висина на надоместок |
|---|---|---|---|
| 1. | фотокопија од скица на премерување на внатрешна површина на зграда, посебен дел од зграда и друг објект | лист А4 формат | 100 ден. |
| 2. | фотокопија од скица на премерување на катастарска парцела | лист А4 формат | 100 ден. |
| 3. | фотокопија од фотоскица | лист А4 формат | 100 ден. |
| 4. | скенирана скица на премерување или фотоскица на ЦД | А4 формат | 150 ден. |
| 5. | фотокопија од записникот за детално снимање (ортогонално или тахиметриско снимање) | страница А4 формат | 150 ден. |
| 6. | координати (X, Y) | 1 детална точка | 15 ден. |

Член 4

За користење на катастарскиот план, зависно од размерот на планот, се наплаќа надоместок за:

| Ред. бр. | Вид на податоци | Единица мерка | Висина на надоместок |
|---|---|---|---|
| 1.<br>1.1<br>1.2<br>1.3<br>1.4 | фотокопија од работен оригинал во хартиена форма<br>- во Р=1:500<br>- во Р=1:1000<br>- во Р=1:2500<br>- во Р=1:5000 | лист А0 формат | 750 ден.<br>1200 ден.<br>2000 ден.<br>3000 ден. |
| 2.<br>2.1<br>2.2<br>2.3<br>2.4 | фотокопија од архивски оригинал во хартиена форма<br>- во Р=1:500<br>- во Р=1:1000<br>- во Р=1:2500<br>- во Р=1:5000 | лист А0 формат | 500 ден.<br>900 ден.<br>1500 ден.<br>2500 ден. |
| 3. | фотокопија од дел од работен или архивски оригинал на во хартиена форма | лист А4 формат | 175 ден. |
| 4. | дел од работен или архивски оригинал геореференциран во растерска форма на ЦД | А4 формат | 475 ден. |
| 5. | дел од работен или архивски оригинал во хартиена форма | лист А3 формат | 300 ден. |
| 6. | дел од работен или архивски оригинал геореференциран во растерска форма на ЦД | А3 формат | 600 ден. |
| 7.<br>7.1<br>7.2<br>7.3<br>7.4 | работен оригинал, геореференциран во растерска форма на ЦД<br>- во Р=1:500<br>- во Р=1:1000<br>- во Р=1:2500<br>- во Р=1:5000 | А0 формат | 800 ден.<br>1250 ден.<br>2050 ден.<br>3050 ден. |
| 8.<br>8.1<br>8.2<br>8.3<br>8.4 | архивски оригинал, геореференциран во растерска форма на ЦД<br>- во Р=1:500<br>- во Р=1:1000<br>- во Р=1:2500<br>- во Р=1:5000 | А0 формат | 550 ден.<br>950 ден.<br>1550 ден.<br>2550 ден. |
| 9. | векторизиран катастарски план на ЦД<br>- во Р=1:500<br>- во Р=1:1000<br>- во Р=1:2500<br>- во Р=1:5000 | А0 формат | 4000 ден.<br>6000 ден.<br>7500 ден.<br>8000 ден. |
| 10. | дел од векторизиран катастарски план на ЦД | 1 хектар | 200 ден. |
| 11. | ортофото план, геореференциран во растерска форма на ЦД | А0 формат | 3000 ден. |
| 12. | фотокопија од вертикалната претстава на катастарскиот план во размер<br>- во Р=1: 500<br>- во Р=1:1000<br>- во Р=1:2500 | А0 формат | 500 ден.<br>700 ден.<br>1000 ден. |
| 13. | вертикалната претстава на катастарскиот план, геореференциран на ЦД<br>- во Р=1: 500<br>- во Р=1:1000<br>- во Р=1:2500 | А0 формат | 550 ден.<br>750 ден.<br>1050 ден. |

Член 5

За користење на копија од катастарски план се наплаќа надоместок за:

| Ред. бр. | Вид на податоци | Единица мерка | Висина на надоместок |
|---|---|---|---|
| 1. | копија од катастарски план | една катастарска парцела | 165 ден. |
| 2. | копија од катастарски план со исцртана дециметарска мрежа | една катастарска парцела | 165 ден. |
| 3. | копија од катастарски план со испишување на сопствениците на соседните парцели | една катастарска парцела | 250 ден. |

Член 6

За користење на примерок од топографска карта и други картографски материјали се наплаќа надоместок за:

| Ред. бр. | Вид на податоци | Единица мерка | Висина на надоместок |
|---|---|---|---|
| 1 | карта во растерска форма геореференцирана на ЦД | една карта | 600 ден. |
| 2 | карта во хартиена форма | една карта | 200 ден. |
| 3.<br>3.1 | карта во векторска форма со сите тематски нивоа на ЦД<br>- само за 1 тематско ниво на ЦД | една карта | 10000 ден.<br>1600 ден. |
| 4. | ортофото карта во црно-бела техника, геореференцирана на ЦД | една карта | 700 ден. |
| 5. | ортофото карта во хартиена форма и геореференцирана на ЦД | една карта | 900 ден. |
| 6. | аерофотографија на ЦД<br>- во Р=1:40000<br>- во Р=1:8500<br>- во Р=1:6000<br>- во Р=1:4500 | една аерофотографија | 200 ден.<br>700 ден.<br>500 ден.<br>400 ден. |
| 7. | дигитален модел на теренот со 20м грид во Р=1:25000 на ЦД | една карта | 2000 ден. |
| 8. | ГИС база на податоците за заштита на животната средина во печатена форма | една карта | 200 ден. |
| 9. | ГИС база на податоците за заштита на животната средина во растерска форма на ЦД | една карта | 600 ден. |
| 10. | ГИС база на податоците за заштита на животната средина во векторски формат на ЦД | една карта | 10000 ден. |

Член 7

За користење и за увид во податоците од катастарот на недвижностите и од катастарот на земјиште се наплаќа надоместок за:

| Ред. бр. | Вид на податоци | Единица мерка | Висина на надоместок |
|---|---|---|---|
| 1. | копија на податоците содржани во збирката на исправи заверена од Агенцијата за катастар на недвижности, со назнака дека се верни на примерокот содржан во збирката на исправи | една страница | 30 ден. |
| 2. | увид во податоците од Геодетско-катастарскиот информационен систем во писмена форма | еден предмет, односно една збирка на исправи независно од времетраење на увидот | 200 ден. |
| 3. | увид во податоците од Геодетско-катастарскиот информационен систем во писмена форма | еден катастарски план, односно една топографска/наменска карта независно од времетраење на увидот | 50 ден. |
| 4. | имотен лист/поседовен лист | еден имотен лист/ еден поседовен лист | 125 ден. |
| 5. | лист за предбележување на градба | по барање | 125 ден. |
| 6. | пописен лист со незапишани права | по барање | 125 ден. |
| 7. | уверение за историски преглед на извршените запишувања во катастар на недвижности (за катастарски општини каде што е во примена катастар на недвижности и содржи податоци за катастарската парцела од катастар на земјиште, идентификација и податоци за катастарската парцела од катастар на недвижности) | една катастарска парцела, односно за една недвижност (зграда/посебен дел од зграда) | 600 ден. |
| 8. | уверение за историски преглед на извршените запишувања во катастар на земјиште (за катастарски општини каде што е во примена катастар на земјиште) | една катастарска парцела | 400 ден. |
| 9. | потврда дека лицето не е запишано како носител на право во катастар на земјиште/катастар на недвижности за една катастарска општина од подрачјето кое со својата надлежност го покрива еден организациски облик на АКН (Центар за КН Скопје или одделение за КН) | една катастарска општина | 50 ден. |
| 13. | потврда дека лицето не е запишано како носител на право во катастар на земјиште/катастар на недвижности за | по барање | 450 ден. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | територијата на Република Македонија | | |
| 14. | евидентен лист | по барање | 125 ден. |
| 15. | лист за времени објекти | по барање | 125 ден. |
| 16. | увид по електронски пат до податоците во електронска форма од ГКИС | од еден пристап | 70 ден. |
| 17. | увид по електронски пат во податоци за носители на права, за катастарска парцела, за згради и посебни делови од згради и за товари, прибележувања и ограничувања | -кога се бара од 1 (еден) до 20 (дваесет) пристапи<br>-кога се бара од 21 (дваесет и еден) до 100 (сто) пристапи<br>-кога се бара повеќе од 101 (еден) пристап | 70 ден.<br>60 ден.<br>50 ден. |
| 18. | извод од список на катастарски парцели со површини | за една катастарска парцела | 25 ден. |
| 19. | извод од азбучен преглед на носителите на правата на недвижностите | за една катастарска парцела | 25 ден. |
| 20. | потврда за податоци од интабулационите книги | по барање | 350 ден. |
| 21. | потврда за носители на правата на соседни катастарски парцели | за една катастарска парцела | 150 ден. |
| 22. | потврда за канцелариска идентификација на катастарска парцела | за една катастарска парцела | 50 ден. |

Член 8

За користење на податоци од Глобалниот навигациски сателитски систем (ГНСС) воспоставен на територијата на Република Македонија (МакПос) се наплаќа:

| Ред. бр. | Опис | Сервис | Точност на мерење (во метри) | Единица мерка | Висина на надоместок |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Позиционирање со примена на кинематичка метода (RTK) | МакПос RTK | 0,02-0,03 | -по започната минута<br>-за 10 часа<br>-за 20 часа<br>-за 50 часа | 12,00 ден.<br>7000 ден.<br>11200 ден.<br>17500 ден. |
| 2. | Позиционирање со примена на диференцијална метода (DGPS) | МакПос DGPS | 0,5-3,0 | -по започната минута<br>-за 10 часа<br>-за 20 часа<br>-за 50 часа | 7,00 ден.<br>4400 ден.<br>7000 ден.<br>11000 ден. |
| 3. | Позиционирање со примена на статичка метода (PP) | МакПос PP | 0,01 | -по 1 час за RTK<br>-по 1 час за DGPS | 840 ден.<br>490 ден. |

Член 9

За користење на податоци од регистарот на просторни единици се наплаќа:

| Ред. бр. | Вид на податоци | Единица мерка | Висина на надоместок |
|---|---|---|---|
| 1. | Копија од основен картографски приказ на просторни единици | за една просторна единица | 700 ден. |
| 2. | Копија од прегледен картографски приказ на просторни единици | за една просторна единица | 500 ден. |
| 3. | Извод од список на просторни единици | за една просторна единица | 125 ден. |

Член 10

За користење и увид во податоците од Геодетско-катастарскиот информационен систем за кои со овој тарифник не е утврдена висината на надоместокот, ќе се наплаќа паушален надоместок во висина од 150 денари по податок.

Член 11

Со денот на влегување во сила на овој тарифник, престанува да важи Тарифникот за висината на надоместокот за користење на податоците од премерот и катастарот на недвижностите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 122/07 и 158/07).

Член 12

Овој тарифник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија„, а ќе се објави по добивање на согласност од Владата на Република Македонија.

Бр. 01-18265/1
20 ноември 2009 година
Скопје

Управен одбор
Заменик претседател,
**Димитар Димовски,** с.р.

---

**3267.**

Врз основа на член 92 став 2 и член 119 од Законот за катастар на недвижности ("Службен весник на Република Македонија" бр. 40/08), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности, на седницата одржана на 20.11.2009 година, донесе

## ТАРИФНИК
## ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ЗАВЕРКА НА ГЕОДЕТСКИ ЕЛАБОРАТИ ЗА ИЗВРШЕНИ ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ И ЗА ЗАВЕРКА НА КОПИИ ОД КАТАСТАРСКИ ПЛАН

Член 1

Со овој тарифник се пропишува висината на надоместокот за заверка на геодетските елаборати за извршени геодетски работи за посебни намени и за заверка на копии од катастарски план издадени од страна на трговци поединци овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи.

Член 2

За заверка на геодетските елаборати за парцелација на градежното земјиште во постапката за реализација на урбанистичките планови и за заверка на геодетски елаборати за физичка делба се наплаќа надоместок за:

| Единица мерка | Висина на надоместок |
|---|---|
| една новоформирана парцела | 50 ден. |

Член 3

За заверка на геодетски елаборати од геодетски мерења за спроведување на промени на имотно-правните односи на земјиштето во постапката на експропријација и приватизација на градежно земјиште се наплаќа надоместок за:

| Ред. бр. | Единица мерка | Висина на надоместок |
|---|---|---|
| 1. | линиски објекти по еден км | 250 ден. |
| 2. | површински објекти по еден ха | 70 ден. |

Член 4

Се наплаќа паушален надоместок од 100 денари за заверка на еден геодетски елаборат за други намени.

Член 5

За заверка на копија од катастарски план се наплаќа надоместок за:

| Ред. бр. | Единица мерка | Висина на надоместок |
|---|---|---|
| 1. | една катастарска парцела | 50 ден. |
| 2. | сите катастарски парцели содржани на еден лист од А4 формат | 500 ден. |
| 3. | сите катастарски парцели содржани на еден лист од А3 формат | 800 ден. |

Член 6

Со денот на влегување во сила на овој тарифник, престанува да важи Тарифникот за висината на надоместокот за заверка на геодетски елаборати за извршени геодетски работи за посебни намени ("Службен весник на Република Македонија" бр. 122/07 и 158/07).

Член 7

Овој тарифник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од Владата на Република Македонија.

Бр. 01-18266/1 Управен одбор
20 ноември 2009 година Заменик претседател,
Скопје **Димитар Димовски,** с.р.

---

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**3268.**

Врз основа на член 19, став 1, алинеја 8 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 63/2006, 36/2007 и 106/2008), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија на седницата одржана на 21.12 2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ**
**ТРГОВИЈА СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. На Друштвото за трговија на електрична енергија ЕНЕРЏИ ХОЛДИНГ СКОПЈЕ ДООЕЛ Скопје му се издава лиценца за вршење на енергетската дејност трговија со електрична енергија.

2. Правата и обврските на носителот на лиценцата во вршењето на енергетската дејност трговија со електрична енергија се утврдени во Прилог 1, „Лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија“ кој што е составен дел на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02- 2881/1
21 декември 2009 година Претседател,
Скопје **Димитар Петров**, с.р.

Прилог 1

**Л И Ц Е Н Ц А**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ**
**ТРГОВИЈА СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

**1. Име и седиште на носителот на лиценцата**

Друштвото за трговија на електрична енергија ЕНЕРЏИ ХОЛДИНГ СКОПЈЕ ДООЕЛ Скопје ул. „Радњанска“ бр. 6, Центар, 1000 Скопје, Република Македонија

**2. Енергетска дејност за која се издава лиценцата**

Трговија со електрична енергија

**3. Датум на издавање на лиценцата:**

21 декември 2009 година

**4. Период на важење на лиценцата:**

10 години

**5. Датум до кога важи лиценцата:**

21 декември 2019 година

**6. Евидентен број на издадената лиценца:**

ЕЕ - 44.10.1/09

**7. Број на деловниот субјект – 6509940**

**8. Единствен даночен број – 4080009505154**

**9. Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши**

Со оваа лиценца се определуваат условите за вршење на енергетската дејност трговија со електрична енергија.

Како трговија со електрична енергија, во смисла на оваа лиценца се смета купување на електрична енергија произведена во Република Македонија и/ или странство, заради натамошна продажба на квалификувани потрошувачи, регулираниот производител на електрична енергија, снабдувачот со електрична енергија на тарифни потрошувачи на мало, други трговци или извоз.

Носителот на лиценца за трговија со електрична енергија обезбедува доволен преносен и дистрибутивен капацитет и регулирани услуги во согласност со применливата тарифа, правилата за пазар на електрична енергија, мрежните правила за пренос на електрична енергија и мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, за количините на електричната енергија и/или моќност која се обврзал да ја испорача на квалификувани потрошувачи, регулираниот производител на електрична енергија, снабдувачот со електрична енергија на тарифни потрошувачи на мало, други трговци или извоз.

**10. Опис на условите и начинот на вршење на дејноста**

Енергетската дејност трговија со електрична енергија, носителот на лиценцата ќе ја врши преку склучување на соодветни договори за купување и продажба на електрична енергија и договори за закупување на преносен или дистрибутивен капацитет.

**11. Подрачје на кое ќе се врши дејноста**

Енергетската дејност трговија со електрична енергија, носителот на лиценцата може да ја врши на целата територија на Република Македонија и странство.

**12. Општи обврски за носителот на лиценцата**

Носителот на лиценцата е должен да:

- обезбеди непречена и континуирана испорака на електрична енергија согласно купопродажните договори;
- обезбеди доволен преносен или дистрибутивен капацитет и регулирани услуги во согласност со применливата тарифа, правилата за пазар на електрична енергија, мрежните правила за пренос на електрична енергија и мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, за количините на електрична енергија и/или моќност кои се обврзал да ги испорача;
- работи во согласност со правилата за пазар на електрична енергија во однос на доверливоста и обемот на снабдување, со цел да се исполнат обврските кон купувачите;
- обезбеди исполнување на условите за квалитет на електрична енергија којашто ја испорачува, согласно со пропишаните норми за квалитет и склучените договори;
- ги исполни барањата за финансиски гаранции утврдени од страна на операторот на пазарот на електрична енергија во однос на договорените трансакции;

- им фактурира на потрошувачите за испорачаната електричната енергија и за обезбедениот преносен и дистрибутивен капацитет и регулираните услуги, согласно склучените договори;

- достави во определен рок до Регулаторната комисија за енергетика, по нејзино барање, информации и извештаи за трансакциите и деловните активности во врска со увозот и извозот на електрична енергија во и од Република Македонија;

- работи во согласност со законите, другите прописи и општи акти на Република Македонија, а особено оние кои се однесуваат на вршење на дејноста трговија со електрична енергија, заштита на конкуренцијата, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето и заштита при работа;

- работи во согласност со мрежните правила за пренос на електрична енергија, мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија и правилата за пазар на електрична енергија, како и техничките нормативи и стандарди за работа на системот за пренос и системот за дистрибуција на електрична енергија;

- работи во согласност со правилниците и другите прописи кои ги пропишува или одобрува Регулаторната комисија за енергетика во согласност со закон, а особено Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување, продолжување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности.

**13. Обврска за одвоена сметководствена евиденција**

Носителот на лиценцата е должен:

- во своите интерни пресметки да води одвоена евиденција за секоја од енергетските дејности за коишто поседува лиценца;

- во согласност со сметководствените стандарди со кои се уредува сметководственото работење на претпријатието: да изготвува финансиски извештаи кои ќе обезбедат информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите со резултатите од работењето, како и паричните текови на претпријатието, како и

- да обезбедува консолидирани финансиски извештаи.

**14. Обврска за доставување на Годишен извештај за финансиското и деловното работење**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да доставува Годишен извештај за работењето во претходната година (извештајна година), кој особено треба да содржи податоци за количините на електричната енергија и големината на моќноста, податоци за субјектите од кои е набавена и на кои е продадена електричната енергија, како и податоци за обезбедениот преносен и дистрибутивен капацитет и регулирани услуги, во текот на извештајната година, за секој месец поодделно.

**15. Обврска за доставување на други извештаи, информации и податоци во врска со вршењето на дејноста, до Регулаторната комисија за енергетика**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика да доставува:

- информации за набавените и испорачаните количини на електрична енергија според купопродажните договори, согласно Табела 1 која е составен дел на оваа лиценца.

- известувања за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на дејноста.

- други податоци во врска со вршењето на дејноста.

**16. Обврска за овозможување на пристап до деловните простории и непосреден увид во документацијата**

Носителот на лиценцата е должен по барање на Регулаторната комисија за енергетика да овозможи непосреден увид во целокупната документација која што се однесува на вршењето на енергетската дејност за која што е издадена лиценцата, во согласност со Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување, продолжување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности.

**17. Изменување и дополнување на лиценцата**

Изменувањето и дополнувањето на оваа лиценца ќе се врши исклучиво во согласност со одредбите од Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување, продолжување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности.

**18. Мерки во случај на неисполнување на обврските на носителот на лиценцата**

Доколку носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика ќе преземе мерки согласно Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување, продолжување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности.

**ПРИЛОГ - ТАБЕЛА 1**

ИЗВЕШТАЈ ЗА ИСПОРАЧАНИ КОЛИЧИНИ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

| Корисник | Испорачани количини во текот на месецот | | | Испорачани количини од почетокот на годината | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Планирано согласно договор бр. | Реализирана Количина на електрична енергија (kWh) | Реализирана Цена (ден/kWh) | Планирано согласно договор бр. | Реализирана Количина (kWh) |
| Регулиран производител на електрична енергија | | | | | |
| Квалификуван потрошувач | | | | | |
| Снабдувач со електрична енергија на тарифни потрошувачи на мало | | | | | |
| Извоз и други трговци | | | | | |

---

**3269.**

Врз основа на член 19, став 1, алинеја 8 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 63/2006, 36/2007 и 106/2008), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија на седницата одржана на 21.12. 2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА
## ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ
## ТРАНЗИТ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. На Друштвото за производство, трговија и услуги ЕГЛ ДООЕЛ Скопје, му се издава лиценца за вршење на енергетската дејност транзит на електрична енергија.

2. Правата и обврските на носителот на лиценцата во вршењето на енергетската дејност транзит на електрична енергија се утврдени во Прилог 1, „Лиценца за вршење на енергетска дејност транзит на електрична енергија“, којшто е составен дел на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02- 2882/1
21 декември 2009 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

**Прилог 1**

**ЛИЦЕНЦА**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ**
**ТРАНЗИТ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

**1. Име и седиштето на носителот на лиценцата**

Друштво за производство, трговија и услуги ЕГЛ ДООЕЛ Скопје

ул. „Карпошево востание“ бр. 4/2-3, 1000 Скопје, Република Македонија

**2. Енергетската дејност за која се издава лиценцата**

Транзит на електрична енергија

**3. Датум на издавање на лиценцата:**

21.12. 2009 година

**4. Период на важење на лиценцата:**

10 години

**5. Датум до кога важи лиценцата:**

21.12. 2019 година

**6. Евидентен број на издадената лиценца:**

ЕЕ- 45.09.1/09

**7. Број на деловниот субјект** – 6487025

**8. Единствен даночен број** – 4057009501904

**9. Вид и обем на енергетската дејност**

Со оваа лиценца се определуваат условите за вршење на енергетската дејност транзит на електрична енергија преку преносниот систем на Република Македонија.

Транзит на електрична енергија, во смисла на оваа лиценца, се смета пренесување на електрична енергија преку преносниот систем за електрична енергија на Република Македонија во рамките на деклариран преноссен капацитет на преносниот систем поврзан со соседните држави, од кои се презема / испорачува електрична енергија, за да се реализира одредена трансакција за која се обврзал носителот на лиценцата да ја преземе / испорача на лица надвор од земјата.

**10. Опис на условите и начинот на вршење на дејноста**

Енергетската дејност транзит на електрична енергија, носителот на лиценцата ќе ја врши преку склучување на соодветни договори со преносниот систем оператор за закуп на прекугранични преносни капацитети од декларираните капацитети на интерконекциските електрични граници на преносниот систем за електрична енергија на Република Македонија, за пренесување на електричната енергија која се обврзал да ја преземе / испорача на лица надвор од земјата, согласно мрежните правила за пренос на електрична енергија и правилата за пазар на електрична енергија.

**11. Подрачје на кое ќе се врши дејноста**

Енергетската дејност транзит на електрична енергија, носителот на лиценцата ќе ја врши низ територијата на Република Македонија.

**12. Општи обврски за носителот на лиценцата**

Носителот на лиценцата е должен да:

- обезбеди доволен преносен капацитет во согласност со правилата за пазар на електрична енергија, мрежните правила за пренос на електрична енергија, за количините на електрична енергија и моќност кои се обврзал да ги транзитира преку преносниот систем на земјата;
- работи во согласност со мрежните правила за пренос на електрична енергија и правилата за пазар на електрична енергија.
- обезбеди исполнување на условите за квалитет на електрична енергија која што ја транзитира, согласно со пропишаните норми за квалитет и склучените договори;
- ги исполни барањата за финансиски гаранции утврдени од страна на операторот на пазарот на електрична енергија согласно правилата за пазар на електрична енергија.
- достави во определен рок до Регулаторната комисија за енергетика, по нејзино барање, информации и извештаи за трансакциите и деловните активности во врска со транзитот на електрична енергија низ територијата на Република Македонија;
- работи во согласност со законите, другите прописи и општи акти на Република Македонија, а особено оние кои се однесуваат на вршење на дејноста транзит на електрична енергија, заштита на конкуренцијата, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето и заштита при работа;
- работи во согласност со правилниците и другите прописи кои ги пропишува или одобрува Регулаторната комисија за енергетика во согласност со закон, а особено Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување, продолжување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности.

**13. Обврска за одвоена сметководствена евиденција**

Носителот на лиценцата е должен :

- во своите интерни пресметки да води одвоена евиденција за секоја од енергетските дејности за коишто поседува лиценца;

- во согласност со сметководствените стандарди со кои се уредува сметководственото работење на претпријатието: да изготвува финансиски извештаи кои ќе обезбедат информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите со резултатите од работењето, како и паричните текови на претпријатието, како и

- да обезбедува консолидирани финансиски извештаи.

**14. Обврска за доставување на Годишен извештај за финансиското и деловното работење**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да доставува Годишен извештај за работењето во претходната година (извештајна година), кој особено треба да содржи податоци за количините и субјектите од кои е набавена и количините и субјектите на кои е продадена електричната енергија, како и податоци за обезбедениот преносен и дистрибутивен капацитет и регулирани услуги, во текот на извештајната година, за секој месец поодделно.

**15. Обврска за доставување на други извештаи, информации и податоци во врска со вршењето на дејноста до Регулаторната комисија за енергетика**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика да доставува:

- информации за транзитираните набавените и испорачаните количини на електрична енергија според купопродажните договори, согласно Табела 1 која е составен дел на оваа лиценца.

- известувања за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на дејноста.

- други податоци во врска со вршењето на дејноста.

**16. Обврска за овозможување на пристап до објектите и непосреден увид во документацијата**

Носителот на лиценцата е должен по барање на Регулаторната комисија за енергетика да овозможи непосреден увид во целокупната документација која што се однесува на вршењето на енергетската дејност за која што е издадена лиценцата, во согласност со Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување, продолжување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности.

**17. Изменување и дополнување на лиценцата**

Изменувањето и дополнувањето на оваа лиценца ќе се врши исклучиво во согласност со одредбите од Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување, продолжување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности.

**18. Мерки во случај на неисполнување на обврските на носителот на лиценцата**

Доколку носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика ќе преземе мерки согласно Правилникот за условите, начинот, постапката за издавање, менување, продолжување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности.

**ПРИЛОГ - ТАБЕЛА 1**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНЗИТИРАНИ КОЛИЧИНИ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

| Транзитирани количини во текот на месецот ............ во 200 .. | | | | Транзитирани количини во текот на година 20.... | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Договор за транзит со операторот (бр. и датум) | Користена интерконективна врска на влез во РМ | Користена интерконективна врска на излез од РМ | Реализирана количина на транзитирана електрична енергија (kWh) | Договор за транзит со операторот (бр. и датум) | Користена интерконективна врска на влез во РМ | Користена интерконективна врска на излез од РМ | Реализирана количина на транзитирана електрична енергија (kWh) |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

**3270.**

Врз основа на член 19, став 1, алинеја 8 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 63/2006, 36/2007 и 106/2008), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 21.12. 2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРАНЗИТ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. На Друштвото за трговија со електрична енергија РУДНАП ДООЕЛ Скопје, му се издава лиценца за вршење на енергетската дејност транзит на електрична енергија.

2. Правата и обврските на носителот на лиценцата во вршењето на енергетската дејност транзит на електрична енергија се утврдени во Прилог 1, „Лиценца за вршење на енергетска дејност транзит на електрична енергија“, кој што е составен дел на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-2883/1
21 декември 2009 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

**Прилог 1**

**Л И Ц Е Н Ц А**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРАНЗИТ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

**1. Име и седиштето на носителот на лиценцата**

Друштво за трговија со електрична енергија РУДНАП ДООЕЛ Скопје, ул. „Моша Пијаде“ бр. ББ Бизнис/центар-Соравија, к.4, Центар, Скопје, Република Македонија

**2. Енергетската дејност за која се издава лиценцата**

Транзит на електрична енергија

**3. Датум на издавање на лиценцата:**
21.12. 2009 година

**4. Период на важење на лиценцата:**
10 години

**5. Датум до кога важи лиценцата:**
21.12. 2019 година

**6. Евидентен број на издадената лиценца:**
ЕЕ- 46.09.1/09

**7. Број на деловниот субјект - 6357938**

**8. Единствен даночен број - 4030008029548**

**9. Вид и обем на енергетската дејност**

Со оваа лиценца се определуваат условите за вршење на енергетската дејност транзит на електрична енергија преку преносниот систем на Република Македонија.

Транзит на електрична енергија, во смисла на оваа лиценца, се смета пренесување на електрична енергија преку преносниот систем за електрична енергија на Република Македонија во рамките на деклариран пренесен капацитет на преносниот систем поврзан со соседните држави, од кои се превзема/испорачува електрична енергија, за да се реализира одредена трансакција за која се обврзал носителот на лиценцата да ја превземе / испорача на лица надвор од земјата.

**10. Опис на условите и начинот на вршење на дејноста**

Енергетската дејност транзит на електрична енергија, носителот на лиценцата ќе ја врши преку склучување на соодветни договори со преносниот систем оператор за закуп на прекугранични преносни капацитети од декларираните капацитети на интерконекциските електрични граници на преносниот систем за електрична енергија на Република Македонија, за пренесување на електричната енергија која се обврзал да ја превземе/испорача на лица надвор од земјата, согласно мрежните правила за пренос на електрична енергија и правилата за пазар на електрична енергија.

**11. Подрачје на кое ќе се врши дејноста**

Енергетската дејност транзит на електрична енергија, носителот на лиценцата ќе ја врши низ територијата на Република Македонија.

**12. Општи обврски за носителот на лиценцата**

Носителот на лиценцата е должен да:

- обезбеди доволен преносен капацитет во согласност со правилата за пазар на електрична енергија, мрежните правила за пренос на електрична енергија, за количините на електрична енергија и моќност кои се обврзал да ги транзитира преку преносниот систем на земјата;
- работи во согласност со мрежните правила за пренос на електрична енергија и правилата за пазар на електрична енергија;
- обезбеди исполнување на условите за квалитет на електрична енергија која што ја транзитира, согласно со пропишаните норми за квалитет и склучените договори;
- ги исполни барањата за финансиски гаранции утврдени од страна на операторот на пазарот на електрична енергија согласно правилата за пазар на електрична енергија.
- достави во определен рок до Регулаторната комисија за енергетика, по нејзино барање, информации и извештаи за трансакциите и деловните активности во врска со транзитот на електрична енергија низ територијата на Република Македонија;
- работи во согласност со законите, другите прописи и општи акти на Република Македонија, а особено оние кои се однесуваат на вршење на дејноста транзит на електрична енергија, заштита на конкуренцијата, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето и заштита при работа;
- работи во согласност со правилниците и другите прописи кои ги пропишува или одобрува Регулаторната комисија за енергетика во согласност со закон, а особено Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување, продолжување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности.

**13. Обврска за одвоена сметководствена евиденција**

Носителот на лиценцата е должен:

- во своите интерни пресметки да води одвоена евиденција за секоја од енергетските дејности за кои што поседува лиценца;

- во согласност со сметководствените стандарди со кои се уредува сметководственото работење на претпријатието: да изготвува финансиски извештаи кои ќе обезбедат информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите со резултатите од работењето, како и паричните текови на претпријатието, како и

- да обезбедува консолидирани финансиски извештаи.

**14. Обврска за доставување на Годишен извештај за финансиското и деловното работење**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да доставува Годишен извештај за работењето во претходната година (извештајна година), кој особено треба да содржи податоци за количините и субјектите од кои е набавена и количините и субјектите на кои е продадена електричната енергија, како и податоци за обезбедениот преносен и дистрибутивен капацитет и регулирани услуги, во текот на извештајната година, за секој месец поодделно.

**15. Обврска за доставување на други извештаи, информации и податоци во врска со вршењето на дејноста до Регулаторната комисија за енергетика**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика да доставува:

- информации за транзитираните набавените и испорачаните количини на електрична енергија според купопродажните договори, согласно Табела 1 која е составен дел на оваа лиценца.

- известувања за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на дејноста.

- други податоци во врска со вршењето на дејноста.

**16. Обврска за овозможување на пристап до објектите и непосреден увид во документацијата**

Носителот на лиценцата е должен по барање на Регулаторната комисија за енергетика да овозможи непосреден увид во целокупната документација која што се однесува на вршењето на енергетската дејност за која што е издадена лиценцата, во согласност со Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување, продолжување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности.

**17. Изменување и дополнување на лиценцата**

Изменувањето и дополнувањето на оваа лиценца ќе се врши исклучиво во согласност со одредбите од Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување, продолжување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности.

**18. Мерки во случај на неисполнување на обврските на носителот на лиценцата**

Доколку носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца. Регулаторната комисија за енергетика ќе преземе мерки согласно Правилникот за условите, начинот, постапката за издавање, менување, продолжување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности.

ПРИЛОГ - ТАБЕЛА 1

ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНЗИТИРАНИ КОЛИЧИНИ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

| Транзитирани количини во текот на месецот ............ во 200 .. | | | | Транзитирани количини во текот на година 20.... | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Договор за транзит со операторот (бр. и датум) | Користена интерконективна врска на влез во РМ | Користена интерконективна врска на излез од РМ | Реализирана количина на транзитирана електрична енергија (kWh) | Договор за транзит со операторот (бр. и датум) | Користена интерконективна врска на влез во РМ | Користена интерконективна врска на излез од РМ | Реализирана количина на транзитирана електрична енергија (kWh) |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-55 12 400.
Телефакс: +389-2-55 12 401.
Претплатата за 2009 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2009153